**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за социологија**

**МАГИСТЕРСКА ТЕЗА**

# СОЦИОЛОШКИТЕ АСПЕКТИ НА РАЗВОЈОТ НА РЕЛИГИСКИОТ ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Ментор:**

Проф. д-р Зоран Матевски

**Кандидат:**

Снежана Ристовска

Скопје, април 2014

**Комисија за оцена и одбрана на магистерската теза**

**Ментор:** проф. д-р Зоран Матевски

Филозофски факултет, Скопје

**Член:** доц. д-р Татјана Стојаноска Иванова

Филозофски факултет, Скопје

**Член:** доц. д-р Марија Дракуловска Чукалевска

Филозофски факултет, Скопје

***Благодарност***

*Магистерската теза е работена под менторство на проф.д-р Зоран Матевски, редовен професор на Филозофскиот факултет – Скопје и ја користам оваа прилика да му се заблагодарам за безрезервната помош во текот на целата изработка, како и за големата морална поддршка*

*Посебна благодарност до членовите на комисијата, доц. д-р Татјана Стојаноска Иванова и доц. д-р Марија Дракуловска Чукалевска за нивната стручна помош, совети и сугестии за постигнување на подобри резултати.*

*Голема благодарност до моето семејство за покажаното разбирање и поддршка за време на постдипломските студии и изработката на овој труд.*

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 2

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1. РЕЛИГИЈА ........ 5
   1.1. Поим религија ........ 5
   1.2. Функција на религијата ........ 10
   1.3. Христијанство ........ 18
2. КУЛТУРА ........ 21
   2.1. Поим култура ........ 21
3. ТУРИЗАМ ........ 27
   3.1. Поим туризам ........ 27
   3.2. Религиски туризам ........ 31
   3.3. Аџилак / Поклоништво ........ 34

II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

1. МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 42
   1.1. Цели на истражувањето ........ 42
   1.1.1. Научна цел на истражувањето ........ 42
   1.1.2. Општествено практична цел на истражувањето ........ 42
   1.2. Задачи на истражувањето ........ 43
   1.3. Методи и техники на истражувањето ........ 43
   1.4. Истражувачки прашања ........ 44
2. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА ИНТЕРВЈУТО 45
   2.1. Ставови за социолошките аспекти на развојот на религискиот туризам во Република Македонија ........ 45

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 80

Библиографија ........ 100

# ВОВЕД

Религијата и религиозноста како систем на верувања, чувства и практика распространети се во сите временски простори, од настанокот на човекот, па сè до денес. Современиот свет е динамичен и како никогаш повеќе променлив и креативен. Од религиските мотивирани патувања се развил модерниот туризам. Современите туристи, преку патувањата имаат за цел да дојдат во допир со другите култури, јазици, обичаи и религии со што си овозможуваат да ја исполнат својата постојана потреба за нешто ново.

Религискиот туризам е фокусиран на посета на религиски места (локалитети), атракции и дестинации. Главна цел им е ангажирање на учесниците да се зајакне одредена вера. За да може да се зборува за религиско туристичко патување, тоа мора да биде мотивирано пред сè од религиски причини. Сепак овој облик на туризам не е лесно да се дефинира. Повеќето религиски места и објекти ги посетуваат и други туристи (културен туризам), независно од верските чувства што уште повеќе ја прави диференцијацијата на религиски туризам во однос на други туристички движења. Во својата основа тој содржи повеќе активности преку кои се задоволуваат духовни, културни и социјални потреби на религиските туристи кои пред сè произлегуваат од религијата на која  припаѓаат.

Социолизите се заинтересирани за проучување на религијата примарно од две причини. Прво, религијата е мошне важна за многу луѓе. Религиските практики се значаен дел од животот на многу индивидуи. Религиските вредности влијаат врз многу човекови дејства, а религиските значења им помагаат во толкувања на нивните искуства. Социолозите настојуваат да ја разберат смислата која ја има религијата за самите верници. Второ, религијата е значаен предмет во социолошкото проучување поради нејзиното влијание врз општеството, но и општественото влијание врз неа. Анализата на оваа динамична врска изискува испитување на зависноста меѓу религијата и другите аспекти на општеството. Често ова значи преиспитување на општо прифатените начини на разбирање на општествената акција. Уште од најраните основи на дисциплината социолозите се

обидуваат да го разберат поширокото општество преку истражување на религијата и нејзиното влијание. (Mc Guire, 2002:8)

Највидливата врска помеѓу туризмот и религијата сосема сигурно се докажува преку илјадници сакрални објекти и содржини кои стануваат објект на туристички интерес односно посетување на туристите. При тоа причината на таквиот интерес се честите културни содржини кои се одвиваат во сакралните објекти, историската вредност на сакралниот објект, како и неговата изворна религиска намена. Во ерата на глобализацијата, современите поколенија сѐ повеќе се навраќаат кон традицијата обидувајќи се да дадат отпор на новите глобални трендови и да го сочуваат националниот идентитет токму преку старите подзаборавени традиционални вредности. По падот на комунизмот и ревитализацијата на религијата, црквите почнуваат масовно да се посетуваат и стануваат еден вид потсетник на народната традиција. Црквите како повеќевековни чувари на народната традиција го сочувале најмногу создавањето на сакралниот карактер, но и она што преостанало било доволно за да ги увери верниците дека црквата развивајќи ја својата историја чува и некое општонародно наследство.(Dugandzija, 1986:70)

Во ова истражување посебно ќе се осврнеме на нераскинливата врска помеѓу општествените институции чија основа е обединување на силите за поддршка и чување на развојот на општеството. Црквите и музеите се повикани да ја поддржат својата голема културна мисија и да не дозволат да се вовлечат во процес спротивен на нивната култура. Заедничкото користење на спомениците на културата од страна на музеите и црквите и нивната взаемна поврзаност се покажа како функционална од повеќе аспекти. Како една особено важна дејност на заводите за заштита на спомениците на културата и музеите е да им обезбедат помош на верските заедници при реставрација на нивните сакрални споменици и реликвиите кои се во нивна сопственост.

Големите верски манифестации се поврзани со посетувањето на одредени свети места. Вакви манифестации се среќаваат уште кај најстарите цивилизации. Македонија е земја со богата културна, а во тој контекст и религиозна традиција. Тоа е земја која има свој придонес во развојот на европската култура и во развојот на христијанството. Културната и религиозната традиција нуди голема можност која

треба да се искористи во секој поглед, а особено во развојот на религискиот туризам. Долго време политичкиот систем имаше негативен став во однос на религијата. Марксистичкиот пристап за конзервативниот карактер на религијата и исчезнувањето на религијата, остави последици и на планот на поцелосното искористување на религиозните предности што ги поседува Македонија (Тоновски, 1996: 32).

За време на комунизмот сакралните објекти беа прогласени за културно наследство и беа користени првенствено како историски и културно-уметнички споменици во кои се влегува со водич-кустос. Со ваквата политика всушност од сакралните објекти беше истиснат религискиот живот кој со векови опстојуваше во нив. Колку побрзо во сакралните објекти ќе се врати нормалниот верски живот односно колку повеќе ќе се вратат на својата намена заради која се изградени и опстојувале низ вековите, имајќи ја предвид и нивната непроценлива историска и културно-уметничка вредност, толку повеќе ќе се продлабочи врската помеѓу културата и религијата

Ова истражување, иако просторно е ограничено на територијата на Република Македонија и на поврзаноста на црквите и заводите за заштита на културното наследство и спомениците на културата и музеите, сепак во иднина може да послужи како поттикнувач за едно поголемо истражување кое би можело да ја опфати не само територијата на Македонија туку и поширокиот регион, а тоа би овозможило да се направи споредба помеѓу религискиот туризам посебно, но исто така би се опсервирал и односот на црквите и државите во однос на ова значајно прашање во Република Македонија и во земјите на Југоисточна Европа.

# I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 1. РЕЛИГИЈА

### 1.1. ПОИМ РЕЛИГИЈА

***Религијата е значаен аспект на општествениот живот, а социјалната димензија е суштествен дел од религијата.***

***Mc Guire***

Од почетокот на настанокот на човекот до денес религијата останала еден од централните делови на човековото искуство кое силно влијае на нашата перцепција и однос кон околината во која живееме. Религијата и религиозноста како состав на верувања, чувства и практика се распространети во сите времиња и простори: секое општество внатре во својот холистички состав содржи одредени облици на религиозност, неразделни од секојдневниот живот (Giddens, 2007:531).

Според дефиницијата на Јингер, религијата претставува систем на верување и практики, преку кои секоја група луѓе се бори со ултимативните проблеми на човековиот живот. Религиозните верувања и убедувања не се подложни на дополнителни проверки од страна на човекот туку, како така дадени се сметаат за вистинити и вечни. Во рамките на тие верувања и т.н. вечни вистини човекот ја гради свеста за самиот себе, за неговото постоење и за светот во кој тој живее (Цветанова, 2007:42).

Сепак со текот на времето одредени култури и религии еволуирале и се зајакнувале додека послабите култури и нивните верувања исчезнувале или се преобликувале, а често и се претопувале со посилните култури и верувања т.е. религии.

Религијата е еден од од најмоќните длабоко почувствувани и влијателни сили во човековото општество. Таа ги обликувала меѓусебните односи на луѓето, влијаејќи

врз семејството, заедницата, економијата и политичкиот живот. Религиските верувања и вредности го мотивираат човечкото дејствување, а религиските групи ги организираат нивните колективни религиски изразувања.
(Mc Guire, 2002:1).

Диркем, правејќи анализа на различните религиски верувања, заклучил дека тие поседуваат една заедничка особина која се однесува на поделбата на светот на две подрачја: свет на светото и свет на профаното. Објаснувајќи ги, тој ќе истакне дека светите нешта се изолирани, заштитени со забрани и бараат безусловно почитување (Dirkem, 1982:35).

Целта на социолошкото дефинирање е да воведе ред во поширокото поле на општествени феномени. Дефиницијата на кој било концепт на религијата е унифициран состав на верувања и практики поврзани со светите нешта т.е. со она што е издвоено и забрането. А под она што е свето, човекот не смее да го сфати напросто она што покажува посебност како што се духовите, боговите, камењата, песокот, куќата, со еден збор, сè може да биде свето (Dirkem, 1982).

Според Павичевиќ, религијата е организиран збир на верувања, чувства, симболи, култни активности и морални прописи врзани за идејата или замислата за натприродно битие (Pavicevic, 1988 :17).

Според Глен Вернон, социолог кој се занимава со религијата, религијата е оној дел од културата составен од заеднички верувања и практики кои не само што го идентификуваат или го дефинираат натприродното и светото како и човековиот однос кон него, туку, исто така нив ги поврзуваат со познатиот свет на таков начин што групата се здобива со морални дефиниции за тоа што е добро, а што лошо (Vernon,1962:56).

Иако никој не е сигурен во вистинското потекло на зборот, познато ни е дека зборот „религија“ потекнува од латинскиот јазик и дека јазиците што се под влијание на латинскиот имаат соодветни изрази на латинскиот збор „религија“. Иако старите зборови од кои ја следиме религијата немаат никаква врска со денешните значења кои најверојатно се создадени од зборови што значеле да се води многу сметка за некоја дејност, таа денес обично се употребува за да ги означи верувањата, однесувањата и општествените институции што имаат врска со размислувањата за

следните работи: потеклото, смислата и значењето на вселената; што се случува по смртта; постоење и барања на моќни, нечовечки суштества како што се духови, предци, ангели, демони и богови; начинот на кој сево ова го обликува однесувањето на човекот. Бидејќи сево ова се однесува на невидлив односно неемпириски свет што некако се наоѓа надвор или на другата страна на човековата историја обично се мисли дека работите што ние ги нарекуваме религиски се во спротивност на институциите што ние ги нарекуваме „политички“. Поради тоа се раководиме од претпоставката дека додека религијата е прашање на лично верување, што не може никогаш да се подведе под рационална расправа, работите како што е политиката се забележливи јавни и така отворени за рационална расправа (Партриџ, 2009:10,11).

Тешкотиите во обидот за дефинирање на религијата се многу поголеми отколку што изгледаат на прв поглед. Причината секако е во сложеноста на феноменот кои се обидуваме да го дефинираме, како во различните можности, различните типови каузално или некој друг тип дефиниција и секако методолошките точки.

Многу автори на различен начин ја дефинирале религијата. Во тој процес тие најчесто истакнуваат некои аспекти на религијата како најважни.

Според Шушниќ, „За религија може да се смета секое верување во апсолутна и мистична моќ од која човекот зависи и кое го контролира неговиот живот и смрт, но на кој може и да се влијае, ако се однесува на одреден начин, своите искуства со таа моќ, може да ги изрази на когнитивен, емотивен, практичен и мистичен начин, т.е. во облик на учење, обреди, заедници на верниците или на харизматски личности, стекнување и изразување на искуства со таа моќ која има за него и за заедницата одредено значење, бидејќи без тоа неговиот живот и животот на заедницата би изгледал сосема поинаку“ (Susnjic, 1998:50).

Сепак нашето размислување би го задржале повеќе на односот кон светото и верата и најверојатно не може да се направи разлика во смисла дека „светото“ е предмет, а „верувањето“ чувство.

Исто така неминовно би било да се земе предвид дефинирањето на религијата која во себе ги содржи следните елементи: вера, свето, колективно, трансцедентално, културно-историска условеност. Всушност, религијата претставува

културно-историска условеност и колективно одредена вера во светото која како таква е од трансцедентна природа (Бешиќ, Ѓукановиќ, 2000:27).

Според Социолошко-терминолошкиот речник, религијата е облик на општествена свест при кој објективната стварност се прикажува на еден имагинарен начин, систем на верувања и сфаќања што се засноваат врз фантастично толкување на природата и општеството чиешто постоење и промени се припишуваат на волјата и активноста на замислените натприродни сили (Социолошко-терминолошки речник 1995:263).

Религијата обично се гледа како форма на општествената свест, светски поглед, или како дел од културата. Без разлика каде е рангирана, зазема една од најважните области на човековиот живот, што загатнуваат некои фундаментални прашања за човековото постоење со цел да се одговори на нив. „Религијата е на првото издание на нашето детство и последниот број на нашето време“ (Cimic, 1984:15). Етимолошкото разбирање на религијата почнува од латинскиот збор religare што значи да се поврзете, ги ставате во една врска. Според Свети Августин, треба да се почне од фразата eligere, која има значење за реизбор, препрочитување. Првото значење се однесува на личен обид на една личност да се направи контакт со натприродното суштество како надеж и очекување, додека другото значење на Свети Августин се однесува на искуство, сертификат.

Религијата може да се дефинира како чин на Бог; „давање“ - сите луѓе се подеднакво достапни; „метод“ - потрага по смислата на животот, вредности и практики, кои ќе ги направат барем за некое време среќни. Религијата е исто така одговор на човекот, на откровението на Бога, кои мислат дека се само чудни суштества. Овој одговор значи примање и прифаќање на животот, пополнувајќи ја улогата, смирението, послушноста и лојалноста, кон некој кој е непобитен, неприкосновен и непореклив. Религијата, исто така, ги вклучува традиционалните гледишта, депонира и во генерацискиот „код“ на поединец или група. Сѐ е производ на околности (време и простор), нудејќи им на луѓето утеха и спасение. Религијата е присутна во човековата свест и искуство како surarational, натчовечки ум и интелект прифатен, но никогаш целосно разбран (вечна мистерија). Тајната и мистиката ја прави религијата поразлична од сите други полиња на човековите интелектуални,

практични и рационални акции. Може да се каже дека е ова единствената област каде мешањето на рационалното и ирационалното обично не се противат еден на друг, а меѓусебно не се исклучуваат. Религијата станува дел од најдлабоките, „најмрачните“ и повеќето неизвесни делови од човековото постоење. Религија е истовремено однос кон светото, апсолутен, врховен, далечен, непознат, а сепак нејзиниот однос е само еден, близок и „незаменлив“ на Бога (Sijakovic, 2008:201, 202).

Според Joakim Wach, најважниот заеднички именител на религијата, без оглед на времето и културата, е нејзиниот обид да се платат однесувањата и верувањата поврзани со најнепосредниот, индивидуален и колективен опстанок (материјален и духовен).

Имануел Кант истакнува дека улогата на религијата е да ја информира нашата морална должност како божествена заповед.

Во најголем број случаи дефиницијата на религијата се гради врз основа на задачата на научното истражување, при што секоја од нив ќе ги вклучи оние елементи кои се вклучени во истражувањето, а подоцна и во дефиницијата.

На прашањето дали е нужна дефиницијата на религијата на почетокот или на крајот на истражувањето, истражувачите одговараат различно и тоа едни мислат дека е дефиницијата потребна на самиот почеток бидејќи без таква дефиниција не би знаеле што всушност истражуваме. Други пак мислат дека е таа нужна на крајот на истражувањето кога се запознаваат битните особини на предметот, а трети пак се уверени дека е секоја дефиниција излишна, па можеби и штетна, бидејќи го ограничува видикот и претставува насилство врз фактите.

Духовниот став карактеристичен за постсекуларниот контекст става акцент врз субјективните особини какви што се страстите, ентузијазмот и чувствата во искусувањето на духовноста. Значи, постсекуларното толкување на религиозноста треба да постигне чувство на доживеано искуство (Sutcliffe, 2003:218, Taylor, 2007:8).

Општествениот контекст на религискиот или попрецизно кажано, врската на религиското и светото со општественото и световното, социологијата на религијата најчесто ја подразбира како потреба или начин, човековиот идеен свет да се согледува и да се толкува во блиска врска со социјалното свето, со глобалното

општество или со социјалните групи во него, бидејќи тој идеен (религиски) свет всушност се создава во општествениот живот и индивидуалното искуство опишувајќи, објаснуваќи, осмислувајќи и задоволувајќи некои групни и индивидуални потреби (Susnjic, 1989:14).

Религијата и религиозноста се согледуваат не само преку социјални претпоставки (религијата како колективен чин), туку онто-антропо-психолошки претпоставки, значи како лично доживување на светото и смислата на животот (Skledar, 1990, Susnjic, 1988).

Бројните факти што се откриени во многу науки: археологија, етнологија, историја, антропологија и други, премногу јасно укажуваат на несомнителност, трајност, постојаност и многуликост на религискиот феномен во историската хоризонтала. Секоја цивилизација имала некој облик на религиски и свет израз, што предизвикало, не мал број истражувачи да ја нагласат универзалната природа на религиското и светото. Како што истакнува Јукич, манифестацијата на религискиот феномен е неспорна, но е прашално одредувањето на религијата бидејќи со неа се означува редовно многу различна и често спротивна содржина. Така за него потешкотиите во дефинирањето на религискиот феномен доаѓаат од предметот религиологија; од субјектот религиологија и од научна гледна точка (Jukic, 1997:22-26).

## 1.2. ФУНКЦИИ НА РЕЛИГИЈАТА

Функционалистичка дефиниција за религијата дава Јингер: „Религијата е систем на верувања и вероисповедни обичаи со посредство на кои групата луѓе се бори со суштествени проблеми“ (Yinger M., 1970:7).

Освен принципот што подразбира внатрешно искуство кое претставува темел на религиозното однесување, научниците го употребуваат терминот „религија“, затоа што ја сметаат за интересна областа на забележливо човеково однесување што бара објаснување. Таквите научници создаваат теории и за да објаснат зошто луѓето мислат дека невидливиот дел од нивното тело – „душата“ го наджива телото; дека

во вселената владеат моќни суштества; дека постојат многу повеќе работи од тоа што може да се забележи. Овие теории во голема мера се функционалистички т.е. настојуваат да ја одредат општествената, психолошката или политичката улога што ја имаат работите што ги нарекуваме
„религиски".

Функционалисти кои зборуваат за религијата се:

- Емил Диркем, чија социолошка дефиниција на религијата подразбира низи од верувања и постапки што им овозможуваат на поединците вклучени во нив да создаваат заеднички општествен идентитет;
- Сигмунд Фројд, кого занимавањето со психолошката наука го навело да го спореди религиското однесување со улогата што ја имаат соништата кога им помагаат на луѓето да им дадат здив на асоцијалните безредија на начин што не го загрозува нивното место во рамките на групата.

Иако наведените класични пристапи меѓусебно се разликуваат, секој од нив може да се сфати како функционалистички бидејќи религијата означува институцијата што игра одредена улога во помагањето на поединците и заедниците да се преродат. (Религии во светот, нов Лајонов прирачник, 2009:12, 13).

Една од причините на силата на целокупното постоење на религискиот феномен лежи всушност во фактот дека овој задоволува многу човекови потреби. Затоа слободно може да се каже дека е религијата мултифункционална.

Самиот поим функција е комплементарен. Епистемолозите покажале дека функционалното објаснување битно се разликува од каузалното. Основата на овие епистемолошки разлики се состои во тоа што каузалитетот подразбира причинско-последична врска.

Во литературата можат да се сретнат различни мислења за тоа кои функции ги има религијата:

- Когнитивна функција - функција на сознавање;
- Функција на комуникација – комуникативната функција е особено значајна од социолошки аспект;
- Функција на идентитет или функција на идентификација;
- Функција на интеграција;

- Функција на ориентација - доколку останеме без светите поими кои нѐ одредуваат како мисловно суштество и без која не би можеле да се снајдеме во природата и општеството;
- Функција на адаптација - религијата ни нуди решение за сфаќање и разбирање на светот;
- Функција на компензација - секоја религија на поединецот на која  припаѓа и на нејзиниот свет  нуди она што го нема во секојдневието;
- Функција на легитимација - со која се докажува дека содржината на религијата е општеството;
- Регулативна функција или функција на внатрешна контрола - оваа функција ја опфаќа психологијата на религијата (Бешиќ, Ѓукановиќ, 2000: 47:54).

Проучувајќи ги религиите, не може, а да не се обрне посебно внимание на функциите на религиите. Проучувајќи ги функциите на религиите, всушност се опфаќаат сите сфери на човековото живеење, а преку тоа се прави и нивна анализа. Така, во тој контекст би кажале дека од функциите што ги има религијата најспецифични се:

- религиската функција на поглед на свет – оваа функција произлегува од погледот на свет што ја имаат верниците. Всушност нивниот поглед се однесува на нивниот став кон светите нешта, светот на натприродното и на световните нешта, односно овоземниот свет кој го живееме. „Таму каде што во просторот се манифестира светото се укажува стварното, почнува светот". (Elijade, 1986:86);
- индивидуално-психолошка функција – значајна функција на религијата преку која верниците надминуваат тешки и кризни моменти од животот;
- компензациона функција. Оваа функција на религијата опфаќа награда за добро направените активности, а казна за грешките, но не е секогаш така. Понекогаш за добро сторените работи човекот не се наградува дури се казнува, па заради тоа верникот се надева на некаква компензација дека за она што направил добро на овој свет не бил награден, но тоа ќе се случи во

другиот свет на небото. Со помош на оваа функција религијата придонесува верниците полесно да прифатат одредени ситуации од реалниот живот;

- општествено-интегративна функција - подразбира јакнење на општествената кохезија и зголемување на колективниот дух. Тоа подразбира постабилно општество. Меѓутоа, од друга страна пак, Шушњиќ вели „една религија дејствува интегративно на своите верници, но се оддалечува од луѓето од своите вери или од оние што се без вера, другите се странци и кон нив не може да се постапува онака како што налагаат божјите заповеди“ (Susnjic, 1998:40);
- етичка функција на религијата - произлегува од самото тоа што религијата се смета како основа на моралните вредности. Всушност, значењето на моралот и во религиски норми и пошироко во општеството е во тоа што тој мора да е во корелација со потребите на луѓето, бидејќи не би се постигнале саканата функција и ефект.

Рут Илман и Ерик Емануел Шмит, сметаат дека, формите и функциите на религијата во денешното општество трпат промени. Неколку доминантни процеси на социјално, политичко, економско и културно ниво го сменија начинот на кој активните верници, духовните трагачи и противниците на религијата ја сфаќаат и ја применуваат религијата во секојдневниот живот. Меѓу споменатите процеси, се среќаваме со сложениот феномен познат како глобализација кој влијае врз сите сфери на општеството и вклучува висок степен на мобилност, емигрирање и урбанизирање (Martikainen, 2007:375). На политичко и економско ниво, нео-либерализмот како сеопфатна идеологија зема сè поголем замав поддржувајќи го поединецот и неговото еднострано право сам да си ги избира животниот стил и поглед на свет зголемувајќи го влијанието на консумеристичката култура и на различните медиски контексти.

Накратко, ваквите текови упатуваат на актуелната трансформација на западните општества кон поголема разновидност на идеи, вредности и практики (Furseth,2006: 302). На многу истражувачи кои ја анализираат глобалната состојба на религијата во денешно време, јасно им е дека, не се исполнија научните предвидувања изнесени пред неколку децении според кои религијата полека

згаснува, па може дури и сосема да исчезне. Долготрајните форми на религиозниот живот, како на пример, традиционалните религиозни институции што пропагираат вероисповед и однесување, навистина се соочуваат со надолен тренд. Но живиот интерес за религијата и за нејзиното практикување на нови, иновативни начини се чини дека  дава на религијата карактер на феномен што се стреми кон експанзија, а не кон ерозија.

Одредени научници, пак ја доведуваат во прашање тезата за секуларизацијата како таква и тврдат дека религијата сепак не го изгубила своето влијание во денешното општество (Barbato i Kratochwill, 2008:1,6). Трендот на ревитализација е илустриран преку бројни форми на религиозни практики кои добиваат сè поголема популарност во денешно време. Во нив спаѓаат: религиските практики на доселениците, верските движења на харизматиците, новите религиозни движења, активностите за здравјето и телото, како и алтернативните духовни практики.

Поимот за духовноста, заседе добро зацртано место во рамките на дискусијата за современата култура и за општеството како симболично побивање и дупликат на „организираната религија“. Популарноста на поимот за духовноста е објаснета преку т.н. „гигантски суштински пресврт во модерната култура“ што подразбира свртување на поединецот од институционалните хиерархии, обврските и секојдневните дејности кон живот што го предводи неговото лично искуство (Heelas i Woodhead, 2005:2-4). Брзиот подем на т.н. алтернативни духовни движења за време на минатиот век го популаризира концептот на религиозноста како лична потрага по внатрешната трансформација и по сопственото јас во нови и фасцинантни внатрешни контексти.

Оттука, „духовноста се разви во концепт што означува свртување кон иновативен, персонализиран и искуствен начин на поинакво практикување на религијата“ (Sutcliffe, 2003:35, 37). Сè поголемо значење му се дава на личното постоење т.е. на состојбата на духот, на сеќавањата и на искуствата. Затоа, се тврди дека идеологијата на духовноста треба да се фокусира на т.н. „суптилни“ аспекти на културата и религијата какви што се емоциите и меѓучовечките односи и сè поголем акцент да се става на субјективноста воопшто.

Како последица, зависноста од властите отстапува место за поголема увереност на поединецот во сопствениот потенцијал и во можноста сам да одлучува како во целост да го реализира својот потенцијал. Според Тејлор, концептот за тоа како да се биде „духовен, но не религиозен“ рефлектира реакција против религиозните авторитативни тврдења. Наместо да го следат црковното водство, денешните поединци тежнеат кон тоа да одат по сопствениот духовен пат (Taylor, 2007:535). Ваквиот развој на настаните е резултат на намалениот интерес за институционалните религии со традиционално водство, догма и етички правила и на зголемениот интерес за нови форми на духовност со поголем акцент на холистичките искуства, на внатрешниот развој и на личниот избор. Од ваква перспектива, организираната религија се отфрла како ограничена, некреативна, општествено инхибирачка, па дури и штетна, додека пак духовноста се сфаќа како „отворено“, „интимно“ и „живо искуство“. Религиозната определеност и духовната припадност повеќе не можат да се дефинираат само според официјалното членување на поединецот во одредена организација. Духовниот идентитет се формира преку различни практики и обичаи какви што се припаѓањето кон одредена Интернет-заедница, преку следење на различни режими на исхрана и вежби за подобро здравје, преку избирање на одредено консумерско однесување и преку следење на духовни водичи по сопствен избор. Како заклучок, Стивен Џ. Сатклиф тврди дека да се биде духовен стана општоприфатена активност. Повеќе никој не е отфрлен како чудак само поради тоа што е во потрага по духовна надградба (Sutcliffe, 2003:214-216).

Чувството на контрола врз сопствените активности и неразмислените искуства се клучни концепти во дискусијата за духовноста. Значи, преминот од религија во духовност рефлектира уште една значајна промена во современата култура и во денешното општество, а тоа е тенденцијата да се става сè поголем акцент и важност на поединецот. Ингер Фурсет ја опишува моменталната трансофрмација на религијата како премин од пронаоѓањето на вистината кон пронаоѓање на себеси. За разлика од претходните генерации кои религијата ја сфаќале како исполнување на должности и обврски, денешните генерации се решени „да ги подложат на критика сите прифатени норми, внимателно да ги

испитаат и да формираат нови“. Промената во релиогиозната ориентација открива свртување на вниманието од другите кон себеси и од групата кон поединецот (Furseth, 2006:296-7). Како последица на тоа, за религијата често се зборува во негативен контекст, како за феномен без вистинска духовна содржина и како пречка во реализацијата на сопственото јас и на слободниот избор. Се смета дека поединецот самиот треба да си го изгради погледот на свет – независно формирано убедување во одредена вера, искуство и аспирации што му даваат смисла на постоењето (на поединецот). Сепак, јазикот на индивидуализмот не исклучува грижа и интерес за заедницата: „Личната автономија се чини дека е сè позначајна база врз која многу луѓе се поврзуваат со светото. Сепак, тоа не значи дека заедницата не им е важна“ (Furseth, 2006:311). Според тоа, свртувањето кон субјективното (личното) се чини дека не е толку масовно и еднообразно како што често се претпоставува во теоретските описи на постсекуларното општество.

Фокусот на индивидуализмот и субјективноста го подига елементот на изборот до ниво на суштински патоказ во рамките на постсекуларниот контекст. Наместо да функционираат како непроменливи норми и кодекси, традициите и Библијата сè повеќе добиваат улога на симболични ризници кои поединецот треба да ги применува согласно со сопствените склоности (Geels, 2009:21). Бидејќи сè поголем број луѓе повеќе сакаат духовни решенија што самите ги смислиле и ги изградиле отколку веќе готови форми на убедување и однесување, наоѓањето и оправдувањето на сопствен пат во контекст богат со разни опции има клучна важност. Живееме во свет каде „судбината на верувањето“ многу повеќе зависи од моќните институции на поединците што го шират своето влијание врз институциите на останатите. Сепак, останатите можат да не ги земаат здраво за готово ваквите институции (Taylor, 2007:11).

„Живееме во услови при кои не можеме, а да не бидеме свесни дека има бројни интерпретации и толкувања со кои интелигентните и разумните луѓе не се согласуваат. Не можеме, а да не почувствуваме страв, да не погледнеме некого откосо и да не живееме по сопственото убедување во страв и несигурност” (Taylor, 2007:11).

Сепак, во современиот контекст на религијата и духовноста, изборот не мора да се сфаќа како селектирање меѓу две јасно спротивставени опции какви што се строго одвоените верски традиции. Освен тоа, конкретниот избор не мора да е конечен и непроменлив. Постсекуларниот контекст во општеството нуди можност за комбинирање на елементи од различни времиња, традиции и територии на личен и експериментален начин. Верата повеќе не е природна „однапред дефинирана опција“ кај секое човечко битие. Затоа, целосно се сменети условите при кои се реализираат процесите на избор, комбинирање и одрекување. Во новонастанатата ситуација, по религијата и постсекуларизацијата, се чини дека дури ни верувањето ни неверувањето не обезбедуваат ставови што меѓусебно се исклучуваат. Станува збор за лично истражување на големиот простор што се отвора помеѓу крајните точки на фундаментализмот и атеизмот и на сите остварливи правци на духовно искуство што можат да се сретнат во тој простор (Taylor, 2007: 4, 12, 14).

Се чини како што се намалува интересот за доктриналните аспекти на религиите така се зголемува интересот за верски искуства што го исполнуваат поединецот емоционално. Фокусот во религиозниот живот се свртува од теоретските тврдења за вистината и теологијата кон „различните живи искуства вклучени, на овој или оној начин, во разбирањето на сопствениот живот“ (Taylor, 2007:5). Крајот на модерната ера и последичното пренасочување од религијата кон духовноста предизвика засилен скептицизам кон строгата доверба во утврдените институции. Интересот за емоционалните и експерименталните димензии на религиската вера има улога на алтернатива на „религијата на разумот“. Духовно инспирираниот процес на себетрансформирање вклучува стремеж да се посегне надвор од рационалноста преку втемелување на религиозното гледиште врз сопственото искуство (Martikainen, 2007:366).

Антун Гелс презентира бројни промени што смета дека се својствени за моменталната трансформација на религиозниот контекст:

- *Од поединечно кон еклектично.* Наместо да се потпираат на еден извор во формирањето на погледот на свет, современите верници сè повеќе сметаат дека религиите треба да се истражуваат, да се оценуваат и да се комбинираат на индивидуален начин;

- *Од догма кон искуство.* Теоретските аспекти на религијата, какви што се тврдењата за вистината и за доктриналните одредби, сè повеќе се отфрлаат во корист на попрактична плуралистичка религиозност;

- *Од колективно кон лично.* Под влијание на неолиберални и консумерски идеологии, поединецот има моќ на компетентен актер во избирањето и креирањето на личното религиозно гледиште;

- *Од хиерархиски кон рамноправен поглед на свет.* Традиционалното инстиуционално водство и поделбите на религиозните заедници се заменети со отворена и неограничена духовна заедница;

- *Од теолошка до антрополошка димензија.* Сè повеќе напредува коцептот на религијата како човечка реалност дефинирана преку искуството;

- *Од живот по смртта кон световност.* Божествената димензија се смета за сеприсутна во човекот и во светот, а не за трансцедентна и далечна (Geels, 2009:13-15).

## 1.3. ХРИСТИЈАНСТВО

***"Тоа што сакаш да ти го прават другите, прави им го истото тоа ним", Евангелие по Матеј, 7:12***

Христијанската религија е носител на светлината, просветата и прогресот. Општењето со Бога, изворот на светлината и доброто, го збогатувало и збогатува и човекот и човештвото со духовна преродба. Животна радост, сестрана просвета и перманентен растеж на културата и цивилизацијата, општењето со Бога, може да биде само извор на светлина, а никако извор на духовен мрак и назадност (Гиревски, 2008:41).

Христијанството е изразито етичка категорија која проповеда внатрешна морална преродба на човекот и тоа всушност претставува голема етика, во чиј центар, смислата на моралот, неговата суштина и пронаоѓањето одговори на

суштината на моралното дејствување и однесување, односно како треба да се однесуваат луѓето во согласност со моралот. Моралниот живот на христијаните има посебно значење и затоа, нагласувајќи ја моралноста во нивните постапки тие ќе се однесуваат во согласност со правилниот христијански живот кој повикува на разбирање и братски однос меѓу поединците (Elijade,1996:105-107).

Како религија, христијанството промовира мир, толеранција и љубов кон секое човечко суштество. Христијанските догми го величаат животот како најголемо богатство, мир и правда, а остро ја критикуваат секоја агресија насилство и војна. Во христијанската етика се среќаваат постулати кои говорат за нежност, самоконтрола, почит, совесност во секоја постапка на човекот. Тоа претставува најраспространета монотеистичка религија која се дели на православие, католицизам и протестантизам, чиј основач е Исус Христос, кој е централна личност во христијанството, пред сè неговиот живот, неговото учење и неговите морални ставови.

Христијанството го претставува новиот живот во Христа, верата чиј основач, глава и темел е Христос. Христијанството претставува историска религија, всушност по создавањето на човекот, Бог, како што откриваат старозаветните пророштва, излегол од својата трансцедентaлност и склучил сојуз со човекот (*Стар завет*). Со склучувањето на сојузот, човекот Бог влегол во самата човекова историја (како историски сторител), во кој врвно историско (Божјо) случување е појавата на Господ Исус Христос, а тоа претставува, како лично Божјо присуство во историјата, така и во димензијата на човековата природа. Тоа значи дека е христијанството историска религија во смисла, не само што зазема одредено место во историјата на човештвото, туку и во општа смисла тоа никнува во светот и  дава содржина на човековата историја (Гиревски, 2008:51:52).

Христијанството е засновано врз обожувањето на Исус Христос како син Божји и единствено самооткроовение на Бога во човечки род. Во исто време човештвото го памети истиот Исус како вистинска историска личност, како човек со безначајна општествена положба кој во текот на животот бил непознат надвор од зафрлениот дел на Римското Царство во кој живеел и умрел. Речиси сè што знаеме за Исус потекнува од четирите приказни за неговиот живот (евангелија) што можат да се

најдат во Новиот завет. Иако на некои места научниците не се согласуваат во врска со историската вредност на записите од евангелијата, сепак околу прашањето на општата слика што се дава научниците главно се согласуваат (Ричард Франс, 2009:317).

Христовото учење може да се окарактеризира како индивидуалистичко и универзалистичко дотолку повеќе, бидејќи било насочено и кон најмалите и кон најголемите целини на општеството, кон поединецот и кон општото царство. Во подоцнежната историја на христијанството, пак интересирањето често се поместувало кон институциите што биле посредници меѓу поединечното и универзалното најмногу кон црквата и семејството (Линда Вудхед, 2009:340).

Историјата на христијанското движење е полна со изненадување. Од самиот почеток таа вера покажува голема способност да пушти корен и да се проширува на нови области и во разновидни културни средини, често токму во период кога се соочува со тешкотии во земјите во кои претходно била силна. Всушност начинот да се објасни ова е да се каже дека е христијанството вера што може да се преведува на нови јазици и културни облици. (Дејвид Смит, 2009:343)

За животот и моралното живеење на основачот на христијанството, Исус Христос, се дознава од новозветните документи, апокрифните евангелија, еврејските извештаи и од други документи од мисионерска природа кои што ги напишале христијаните, со цел да го поттикнат нивното сопствено религиско движење (Ling, 2000:188-190).

Социјализацијата на христијанството се темели врз универзалните вредности, а во тоа се крие и тајната на неговата распространетост. По бројот на верниците, христијанството спаѓа во големите светски религии и распространето е речиси во сите краеви на светот, поради своите универзални вредности на верата, љубовта и надежта (Гиревски, 2008:55).

## 2. КУЛТУРА

### 2.1. ПОИМ КУЛТУРА

***Културата не е прост збир од неколку активности, туку начин на живот на одредени народи кои живеат заедно во одредено место. Таа може да се види во неговата уметност, неговиот општествен систем, неговите обичаи и навики, неговата религија,***

***T.S.Eliot***

Културата претставува збир на традиционални верувања и ставови кои се карактеристични и го чинат посебен еден народ т.е. едно организирано општество. Културата исто така ги опфаќа начинот на живот, мислењето и однесувањето кое се пренесува од генерација на генерација. Поимот култура подразбира оценување на начинот на живот на другите, нивното знаење или социјалното однесување. Поимот култура често се користи и означува специфични одлики на одредена цивилизација, односно на кој начин одредено општество би се разликувало од друго. Секоја група луѓе или општество има одредена култура бидејќи културата е целосно општествено наследство на човековиот вид т.е. „таа опфаќа сè, од храна до облека, од дом и домаќинства до индустриска техника, од обликот на учтивост до мас-медиумите, од ритамот на работата до учење на семејните правила“ (Коковиќ, 1997:13).

Културата подразбира преобликување или остварување не само на одредена интелектуална позиција или попримање на догми, туку и значењето и вредностите што го опфаќаат целокупниот животен процес. Во таа смисла, таа претставува начин на живот, односно мерило на неговиот квалитет (Коковиќ, 1997:17).

Културата е содржана во уметноста, музиката, усните преданија, литературата, моралните вредности и во идеалите за возвишеноста. Таа е содржана и во правилата и нормите на некои базични активности и социјални релации од типот, каде, како и со кого се дружиме, како се радуваме, како ја доживуваме и како

ја оплакуваме смртта, како се однесуваме со најблиските, родителите, децата, соседите, а како со непознатите (Parekh, 2000:143).

Културата, во буквална смисла на зборот, не е кохерентна, таа е комплексна целина која може да има антрополошки, социјални, духовни и материјални значења. Нејзиното одредување како општ поим, варира од познатите енциклопедиски дефиниции до стремеж на културата да се гледа строго научно и речиси сосема изолирано од сите други т.н. општествени појави. Современите дефиниции, пак гледаат на културата како на најперсоналната грижа за една нација и едно од најобврзувачките меѓународни прашања. Културата е фактор што го поттикнува цивилизацискиот развој, ја зголемува општествената кохезија и го профилира имиџот на една држава во меѓународни рамки.

Тврдењето дека е човекот самосвесно и самоактивирачко суштество имплицира дека културниот процес за разлика од другите природни процеси не бил автоматски, туку процес кој барал постојана и внимателна селекција од страна на неговите приврзаници, а предност добивале оние поединци кои биле неспособни да учат. Потчинувајќи му се на владеењето на симболички посредуваните програми, произведувањето на артефакти, организирањето на социјалниот живот или изразувањето на емоции, човекот го одредил, иако ненамерно, највисокиот стадиум на сопствената биолошка судбина односно не сакајќи тој се создал самиот себеси (Girc, 2000:258).

Современата културолошка мисла ја предочува важноста на развојните културни процеси во сите нивни форми на реализација: културен диверзитет, мултикултуралност, етнокултурализам, интеркултурализам, транскултурализам, кроскултурализам, акултурација, културна асимилација, хомогенизација на хетерогените културни матрици, културна фрагментација и глобализација. Меѓународните културни политики ја третираат културата како фактор на социјално обединување (кохезија), како на локално така и на регионално и меѓународно рамниште.

Позитивниот или негативниот однос на државата кон сопствената култура се манифестира низ разни инструменти и на повеќе нивоа. Димензионирањето и

пропорционирањето на овие инструменти зависи од развојот на свеста за значењето на културата во одредена средина, потоа од степенот на развојот на самата култура, од материјалните можности, расположивите потенцијали и целите што се сака да се постигнат, односно зависи од она што вообичаено се нарекува културна политика. Културата претставува еден од највозвишените и највиталните домени на човековиот живот. Културата како општествена категорија проткаена е во сите сфери на животот, со самото раѓање човекот се вклопува во културата на своето време и тој претставува нејзин творец и нејзин аниматор.

Сфаќањето на културата како начин на живот, покрај сите недостатоци (премногу широк поим) има и значајна предност, бидејќи „одредениот начин на живот изразува извесни значења и вредности не само во уметностите и знаењата туку и во институциите и секојдневното однесување. Поаѓајќи од таквата дефиниција, анализата на културата претставува објаснување на значењето и вредностите што се имплицитни и експлицитно содржани во начинот на живот на одредена култура" (Williams,1997:16).

Реалистите ја сфаќаат културата како својство на човеково поведение и обично ја дефинираат културата во смисла на стекнати навики, традиции, обичаи институции. Така сфатена, културата е неодвоива од животот на човековите суштества во општеството, таа е начин на општествено живеење и нема независна егзистенција од актуелните групи на кои им се припишува. Од друга страна, продолжува Биднеј, идеалистите се склони да ја сфатат културата како збир на идеи во главите на поединците, како тек од идеи, конвенционални сфаќања и комуникабилна интелигенција. Некои културни антрополози, културата ја дефинираат во смисла на обрасци на поведение и нацрти за живеење. Педагозите пак поаѓаат од нормативната идеја за културата, според која културата означува култивирање на умот или духот заедно со производите на оваа ментална култура (Биднеј, 2000:377)

Поимот култура потекнува од латинскиот збор cultura. Првобитното значење на овој термин се однесува на култивирањето или одгледувањето на посеви и животни.

Култура е еден од поимите кој често се користи во секојдневниот говор. Под култура се подразбираат различни содржини. Таа се однесува на сите области на човековиот труд, творештво и на човечкиот живот воопшто. Така, се зборува за техничката култура, за материјалната култура, за духовната култура, за културата на живеење, облека, културно однесување, за култура на трудот, политичка култура, за културата на народите и слично. Значи, зад култура се кријат различни поими и содржини. Често поимот култура се употребува за да изразиме вредносен став, во смисла дека нешто не е подобро отколку нешто друго или дека нечие однесување и дејствување не е во согласност со нормите на цивилизираниот свет или во дадена средина. Ова укажува на тешкотиите со кои се соочуваат оние што сакаат да се разбере она што е навистина поимот култура и како таа може да се разбере и да се објасни (Sijakovic, 2008:201).

Општопозната е повеќезначноста на поимот култура која произлегува не толку од начинот на кој луѓето ја дефинираат културата, колку од инкомпатабилноста на повеќе линии на размислување кои историски се помируваат во истиот термин (Bauman, 2000:36). Оттука произлегуваат голем број дефиниции за поимот култура.

Познатиот теоретичар на култура T. S. Eliot вели дека терминот култура не треба само да се дефинира, туку и да се илустрира секогаш кога се користиме со неа. Тоа е начин на живот на одреден народ. Културата се состои од мноштво различни делови кои не се прост збир, туку меѓусебно се поврзани и влијаат едни на други. T. S. Eliot вели дека културата на поединецот не може да се одвои од културата на групата, ниту културата на групата може да се издвои од културата на целокупното општество. Културата мора да се сфати како повеќезначаен поим кој вклучува повеќе аспекти на посматрање (социолошки, антрополошки, економски, историјски, психолошки) (Sijakovic, 2008:201).

Културата е збир на промени и достигнувања кои се случиле во природата, општеството и човековата мисла како резултат на човековото дејствување чија цел е: олеснување на одржувањето, продолжување и напредок на човечкиот род, Милош Илиќ (Sijakovic, 2008:202).

Културата е во основата на секое општество, таа придонесува за негова виталност, идентитет и развој. Таа не опфаќа само ставови, ментална состојба и

склоност, туку и целокупно опкружување во кое луѓето стапуваат во меѓусебни односи, кои вклучуваат социјална структура, стопанство и политички систем. Драган Коковиќ (Sijakovic, 2008:202). Културата во најширока смисла можеме да ја сфатиме како збир на сите материјални и духовни творештва на човековиот род. Таа вклучува во себе труд и однесување (создавање и рушење) на сите човекови и општествени групи низ историјата. (Sijakovic, 2008:201)

Културата ги опфаѓа сите области на човековото дејствување и човековиот живот воопшто. Вака широко сфатена културата опфаќа материјална култура (градежништво, машини, инструменти, облека) и духовна култура (уметност, наука, музика, игра, мода, јазик, образование).

Културата може да се сфати како однос на човекот кон природата, општеството и другите луѓе. Таа всушност истовремено е и индивидуален и социјален чин. Значи културата е историска, развојна и динамична категорија. Таа ги поврзува минатото, сегашноста и иднината. Културата вклучува свесни рационални и креативни елементи на човековата дејност, но и несвесни, ирационални и деструктивни (Sijakovic, 2008:202).

Она што човекот го издвојува од природата и од состојбата на примитивните општества е употребата на симболи. Може да се каже дека културата настанала врз основа на употребата на симболите. Една цивилизација и култура се препознаваат по своите специфични симболи. Тие истовремено се традиционални, развојни и историски категории. Лесли Вајт вели секоја култура (цивилизација) зависи од употребата на симболите. Заради тоа и користењето на симболичките способности ја создало културата и заради употребата на симболите овозможува непрекинато создавање на културата. Без симболи не би имало култура и човекот би бил само животно, а не човечко суштество (Vajt,1970:42).

Културата исто така е основа на туризмот, производ на многу земји и главна причина зошто туристите посетуваат музеи, театари или балетски претстави. Ова претставува искуството и на туристите им овозможува создавање на покомплетна слика на одредена земја, регион или локалитет.

Желбата за запознавање на други култури било мотив за патување уште од грчки и римски времиња. Културниот туризам се состои од многу елементи што го сочинуваат туристичкиот пазар (Swarbrooke i Horner 2003, 36).

Културата, со нејзините главни димензии во кои се нагласува нејзината цивилизациска улога е нејзиното вгнездување во трудот и животот, односно во научното и уметничкото творештво (Бошале, 1997:191).

„Со самото раѓање човекот се вклопува во културата на времето и тој претставува нејзин творец и нејзин аниматор".

Според Рут Илман и Ерик Емануел Шмит, аџилакот на сличен начин како и уметноста обезбедува популарен канал за изразување и искусување на религијата денес, заедно со постсекуларните слогани за величање на субјективноста која ги вклучува сите сетила и ја отфрла чистата рационалност како животна норма. Некои од уметниците кои влечат корени од јудаизмот, христијанството и исламот слободно дејствуваат во традиционалните рамки на сопствената религија, додека пак другите се откажаа од личната религиозна посветеност и избираат став на набљудувач од далеку. Од ваквите различни појдовни точки, уметниците ги презентираат своите гледишта по следново прашање: како да живееме заедно во свет со многу религии?

Креативниот меѓурелигиозен дијалог е главна тема во делото на Ерик Емануел Шмит, со наслов *„Le Cycle de l'Invisible"*. Ликовите во ова дело често имаат претерано отворен став кон религиозната вистина кој исто така го рефлектира погледот на свет на авторот: „Ниту една религија не е вистинска и ниту една религија не е погрешна", како што тврди и еден од ликовите на Шмит, католичкиот свештеник Пер Понс (Shmitt, 2004:65). Ерик Емануел Шмит стана автор на романи како резултат на личен духовен развој.

Според Шмит, целта на литературата е „да го истражува светот и умовите и срцата на луѓето". Како уметник тој смета дека негова мисија е да создаде почит и сензибилитет кон религиската комплексност на светот, да промовира мир, љубов, разбирање и љубопитство. Според Шмит, „уметноста е корисна во животот" бидејќи ни овозможува да живееме заедно. Преку поеми, музика и литература можеме да го видиме невидливото и да откриеме свет во кој споделената ранливост и меѓусебна зависност на луѓето го преместува фокусот од сопствената личност. Според Шмит,

ова е измислен свет, но сепак е наш свет, заедничко место на хармонија и убавина „независно од христијанството, од јудеизмот и од која било друга религија" (Shmitt, 2005:50-1,111).

Иако станува збор за два различни феномена, сепак културата и религијата се тесно поврзани на многу начини. Културата и религијата длабоко навлегуваат во голем број идентични сфери на човековото живеење и на тој начин меѓусебно си влијаат и се надополнуваат во многу сегменти.

Дел од понудата на религиските содржини и во туризмот ги претставуваат спомениците и објектите кои потекнуваат од древната митологија и изумрените религии, а кои ги наоѓаме распространети по целиот свет. Меѓутоа патувањата кон таквите локалитети денес сè поретко се религиски мотивирани, па најчест мотив за нивно посетување е културниот интерес во поширока смисла. Некои од таквите локалитети поради својата атрактивност постигнале глобална туристичка валоризација. Значи сите религии оставиле печат во облик на сакрални објекти и културно-уметничко наследство, тие станале културно наследство на човештвото, со кои се дополнува знаењето од историјата на човековиот род (Duvnjak, Relja, Zeravica, 2011:428).

## 3. ТУРИЗАМ

### 3.1. ПОИМ ТУРИЗАМ

“Туризмот претставува патување заради одмор, забава, лекување и разгледување на знаменитости” (Муќиновиќ,1990:602).

Според Theobalt, етимолошки зборот tour потекнува од латинскиот tornare и означува круг, движење околу одредена точка или оска, суфиксот -ism претставува акција или процес и кога на зборот tour ќе му се додаде суфиксот -ism се добива зборот tourisam, кој означува акција или движење во круг (Theobalt, 2005:9).

Туризмот е во нераскинлива врска со патувањето, кое за луѓето претставува основа на нивното постоење. Совладувањето на просторот е старо колку и човековата историја, бидејќи исконска и фундаментална потреба на луѓето е да го прошируваат просторот во кој живеат (Мариноски, 2005:14).

„Туризмот е привремено движење на луѓето надвор од своето постојано место на живеење и место на работа и ги опфаќа дејствата што ги вршат за време на нивниот престој, како и објектите кои се изградени за задоволување на нивните потреби". *

Sharpley ги посочува трите основни елементи на туризмот: туристите, туристичката дестинација и туристичката индустрија (Sharpley, 2006:16).

„Туризмот е севкупност од специфични стопански дејности, патувања, учество во културни манифестации, форуми и други, престој во туристички објекти, создавање понуда, реализација и употреба на стоки и услуги кои го формираат туристичкиот производ" (Славейков, П., Найденов, 2009:10).

Туризмот претставува, благодарејќи на својот фундаментален елемент - преместувањето, можност за комуникација помеѓу различните цивилизации (Sessa, 1975:50).

Туризмот како типичен феномен на индустрискиот период во развојот на човештвото станува еднакво значаен со феноменот на постиндустриското општество. Иако во својата историска еволуција ја поминал првата развојна фаза, сепак во својата содржина, а особено во сфаќањето за себе, станал помалку контроверзен феномен. Од самиот почеток на неговиот развој и денес, сè уште на многу економски, социолошки, културни и други страници непрекинато одекнуваат прашањата за туризмот како самостоен феномен за туризмот, како за нова култура или дури како за псевдокултурен феномен (Sessa,1983:65).

---

*(Jafari, J., "Annals of Tourism Research" V (Special Number, October/December) 8, 1977 и Mathieson, A., Wall, G., "Tourism: economic, physical and social impacts", Longman Group Limited, London, 1982 превземено од Theobalt, F.W.,*

Современите туристи носат одлуки за избор на туристички дестинации во зависност од тоа што ги исполнува нивните потреби, без разлика дали тие се обезбедени од незаборавно искуство. Тие сакаат да се запознаат со локалната култура, да дојдат во контакт со локалното население, да исполнуваат народен фолклор, гастрономија, посета на фестивали, музеи, галерии и така натаму. Сево ова го прави поголем квалитетот на понудата. Со текот на времето, културата и сродните религии еволуирале и се зајакнати, додека помалите култури и нивните верувања исчезнале или се трансформирале, при што често се спојувале со посилни култури и верувања.

Од особено значење е да се спомене дека во текот на историјата на религијата и религиозните мотиви генератори беа честите патувања на поединец или група. Потребата за имунизација на важни свети места и верски споменици, преполни со симболика и мистична енергија, доведе до верски мотивирани патувања. Таквите места и објекти преку процес на симболизација добиваат посебно значење и акции на патници добивајќи легитимитет, една група верници на поинаков начин да го симболизира своето духовно присуство кое се наоѓа во центарот на нивното внимание.

Расправајќи за различните мотиви што ги придвижуваат туристите, британските теоретичари на туризмот се определиле за две категории туристи: првата, туристи што заминуваат на однапред одредено туристичко место, и втората, туристи кај кои доаѓа до израз потполната слобода и избор на туристички дестинации (Vukonic,1990:99).

Туризмот никогаш не се третира како самостоен предмет во истражувањата, туку пред сѐ студиите за социокултуролошките аспекти на туризмот произлегуваат од теориските и методолошки извори на социологијата, психологијата и историјата. Според германскиот социолог Simmel, најраширени правци во истражувањето на туризмот се формално-функционалистички и културно-антрополошки. Поимот и анализата на странецот се занимава со посебни облици на навлегување во близината и одалеченоста. Доколку странецот е само обичен патник кој доаѓа и си

оди потполно рамнодушен кон домашните и нивната земја, тој вид интеракција не припаѓа на општествените односи во вистинска смсла. Тој всушност не ги доживува луѓето, па не остварува никаков релевантен однос со нив.

Мотивираноста за движењето на туристите не може да се разгледува само од низа стеснет спектар по теоријата на утврдени мотиви, туку во нивна комбинација и заедничко дејствување. Тешко е да се одговори на прашањето што сè го детерминира однесувањето на учесниците во туризмот, но е сигурно дека различните сегменти на туристичките корисници многу често се различно мотивирани (Vukonic, 1990:71).

Според тоа се чини неприфатлива и тезата дека поимот мотиви во областа на туризмот, најчесто треба да се интерпретираат во рамки на општествените мотиви, бидејќи се последица на одреден степен на општествениот развој и без сомнение имаат агрегатен карактер (Vukonic, 1982:20).

Покрај сите многубројни фактори, туризмот за својот развој треба да се заблагодари исто така на бројните психолошки мотиви, меѓу кои посебно место завзема т.н. религиски мотив (Vukonic,1990:79). Причината за тоа е што религиозноста не е вродена, туку таа се развива „во процесот на социјализација врз основа на влијанието на општествената средина, индивидуалните особини и искуствата на секој поединец“ (Bahtijarevic,1976:24).

Сепак највидливата врска помеѓу туризмот и религијата сосема сигурно се докажува преку многубројните неподвижни сакрални објекти и содржини кои всушност стануваат објекти на туристички интерес при посетата на туристите. При тоа причината за таков интерес најчесто се и културните содржини и историски вредности отколку религиската содржина, но сепак тука значајна улога има и традицијата. „Црквата како повеќестолетен чувар на народната традиција го сочувала најмногу творештвото на сакралниот карактер, но и она што преостанало е доволно да ги увери верниците како црквата ја развива својата историја и ги чува широките достигнувања“ (Dugandzija,1986:70)

## 3.2. РЕЛИГИСКИ ТУРИЗАМ

Религискиот туризам е посебен вид туризам и претставува збир на односи и услужни активности со кои се задоволуваат, пред сè духовните, но и културните и социјалните потеби на верниците што произлегуваат од нивното религиозно определување. Некои религии во тој поглед се доследни на своите барања, меѓутоа скоро и да нема голема религија која денес активно живее, а од верниците да не бара обиколка на верските светилишта. Тоа по правило подразбира кратко или долго патување за верниците, зависно од силината на нивните религиозни потреби, чувства и заеднички обврски. (Гиревски, 2008:15)

Религискиот туризам е еден од најстарите облици на туристички патувања, а денес претставува многу значаен сектор на глобалниот туризам. Поради економскиот потенцијал природно е што, сè повеќе внимание се обрнува на промоција на овој вид туризам. Уште во стара Грција главна дестинација на такви патувања биле светилиштата на Зевс во Олимпија, Аполонија во Делфи, Асклепиос во Пидаурус.

Религискиот туризам постои откако постои религијата. Често тој е и упориште на секуларниот туризам, во обликот на зголемувањето на патувањата и нивната масовност. Зголемена е и партиципацијата во аџилакот. Порастот на аџилакот кон крајот на 20 и почетокот на 21 век е во корелација со развојот на патната мрежа, автомобилската и авиоиндустријата. Пред овој развој, патувањата траеле со месеци, а понекогаш и со години. Понекогаш е тешко да се подвлече линија помеѓу туризмот и аџилакот, но сепак аџијата патувајќи ја исполнува својата света должност, додека туристот патува од задоволство (Cvitkovic, 2007:303).

Религискиот туризам е насочен кон посета на важни религиски локалитети со цел учесниците во патувањето што повеќе да го зајакнат своето верување. Тоа значи дека главен мотив на патувањето е задоволување на духовните, односно религиските потреби на луѓето кои се одлучуваат на ваков вид туристичко патување. Со оглед на тоа што станува збор за економски многу корисен облик на туризам, низ историјата некои дестинации на религискиот туризам, станале центар на верски, трговски и културни настани особено важни не само за дестинацијата туку и за

самата држава. На патниците во такви места им се пружаат инфраструктурни, културни, гастрономски и останати содржини и со тоа доаѓа до зголемување на инвестициите на местото каде што доаѓаат. (Duvnjak, Relja, Zeravica, 2011:427)

Религискиот туризам најчесто се појавува во три облика:

- Како аџилак (групен или индивидуален);
- Како масовни собирања по повод значајни религиски датуми и годишнини;
- Како турнеја и посета на значајни религиски места и објекти во рамки на туристичката маршрута (Geić, 2002: 45).

Функцијата на религиските содржини во туризмот одредена е со нивната функција во религијата:

- религиските содржини во сакралните објекти (цркви, џамии, храмови) се фактори на туристичката понуда во која религиските туристи примарно ги задоволуваат своите верски потреби, а попатно можат да ги задоволуваат и останатите (културни и уметничко-естетски);
- останати објекти на религиските заедници и организации кои спаѓаат во приемчива туристичка понуда во широка смисла, а може да се користи за пружање услуга на религиските туристи (манастири, семинари, верски училишта и сл.) (Geić, 2002: 45).

Денешниот свет е подвижен и како никогаш порано променлив и креативен. Од религиски мотивирани патувања (најчесто тоа бил аџилакот) се развил во модерен туризам. На сличен начин како што верниците посакуваат да стигнат во допир со светите места, современиот турист сака да стапи во контакт со другите и со поинаквите, односно со различните култури, јазици, обичаи, клима, вкусови и мириси. Во задоволувањето на потребата за непознато и егзотично, туризмот прави луѓето да ја задоволуваат својата постојана „глад“ за ново искуство (Duvnjak, Relja, Zeravica, 2011:426).

Имено, се подразбира дека во религискиот туризам мора да постои соодветна туристичка содржина и капацитет на понудата. Притоа треба да се одделат туристичките од религиските содржини, иако споменавме дека во просторот овие две содржини можат да се најдат и често се наоѓаат на иста локација. На пример, угостителските објекти и сместувачките капацитети ги наоѓаме во непосредна

близина на цркви и храмови, продавници на сувенири, кои често физички се потпираат на сакрални објекти или се во нивна близина и сл. Понатаму, тука се и превозните средства без кои не би бил можен современиот религиски туризам (Vukonić,1990: 93-96).

Предмет на таквите патувања кои обично се нарекуваат поклонички е верниците да ја следат својата верска потреба или да го исполнат зададеното послушание. Целта на таквите патувања обично е двојна: чисто поклоничка (аџилак) или посета на свети места (заради туризам) (Гиревски, 2008:15).

Религиските туристи спаѓаат во категорија туристи, чиј избор на дестинацијата не е ограничен ниту со цена, ниту со оддалеченост, туку исклучиво произлегува од моќта на верската атракција и дестинација. Таквата категорија туристи се придржува на општи и посебни утврдени критериуми на однесување, односно, однесување на верниците на групата на која  припаѓаат (Vukonić,1990: 99).

Под поимот религиски турист се подразбира личност на која главен мотив  е патувањето заради верата. Тој очекува дека на патот ќе ги задоволи своите религиозни потреби, низ средба со светите места, низ мотиви, медитација, исполнети со завет и сл. Разликата помеѓу религискиот и „обичниот“ турист тешко е да се забележи однадвор. И едниот и другиот, слично се облечени, користат слични превозни средства, но разликата помеѓу овие две категории туристи во битот е голема: религискиот турист од почетокот е подготвен на средба со светото и тежи кон лична промена. Повеќе желби за промена се содржани во самата негова одлука да тргне на пат и да доживее посакувана трансформација, од болен во здрав, од изгубен во пронајден, од скептичен во уверен верник.

Значи религискиот турист е подготвен на сопствен труд околу средбата со Бог и со самиот себе. „Обичниот“ турист во прв ред сака мир и одмор. Неговата цел не е потрага за Бог и универзалност, туку за необично и несекојдневно искуство (Vučković,2009: 124-125).

Кога се повторуваат некои социопсихолошки услови, тогаш се обновуваат и некои стари идеи, верувања и вредности: Макс Вебер би рекол дека доаѓа до востание на старите богови од нивните гробови. Така во времето на општите општествени кризи доаѓа не само до обнова на религиозноста, туку и до обнова на

националните чувства и интереси. Ова е и разбирливо кога се знае дека верското, националното, психолошкото и идеолошкото се тесно испреплетени и слеани. Но оваа обнова оди повеќе на оживување на старите облици на верувања отколку на отворање на нови хоризонти на мислење и живеење. Тоа јасно се гледа од фактот за идеологизација на верата. Верата во своите идеолошки облици се покажала повеќе како фанатична отколку како рационална, повеќе рационална отколку универзална, повеќе ги раздвојувала народите отколку што ги поврзувала., Идејата за религиозното спасување се подразбирала како идеја на национално ослободување: националното станало свето, а светото е национално (Blagojevic, 2005).

## 3.3 АЏИЛАК/ ПОКЛОНИШТВО

Аџилакот често е тесно поврзан со чувство на идентитет и, понекогаш за да се пронајдеме себеси на таквото патешествие, треба прво да се изгубиме (Plejtm 2009: 263).

Во теоретскиот пристап на феноменот аџилак се среќаваме со теориски расправи за најважните општествени процеси и теориски објаснувања на современите општествени и религиски промени. Акцент се става на објаснувањето на феноменот на процесите на секуларизација и десекуларизација, односно ревитализација на религијата. П. Бергер, американски социолог и протестантски теолог, смета дека односот помеѓу религијата и современоста е особено комплициран. „Денешниот свет е со одредени исклучоци, жестоко религиозен како што и секогаш бил, а во некои делови дури и повеќе отколку порано... Секуларизацијата на општествено ниво не е нужно поврзана со секуларизацијата на индивидуалната свест“ (Berger,2008:12–13). Бергер издвојува две стратегии на религиските заедници спрема модернизацијата: отфрлање и прилагодување. Тој смета дека до процут на верските заедници доаѓа до онаа мера до која не се обиделе да се прилагодат т.н. барања на секуларизираниот свет.

Според Рут Илман и Ерик Емануел Шмит, тековите што го карактеризираат современиот постсекуларен пресврт во културата, општеството и религијата

претставуваат теоретски и емпириски предизвици при истражувањето на патешествијата во светите места. Виктор и Едит Тарнер во своето истражување го посочиле и фактот дека историјата на патувањето во светите места е античка и културно разнолика колку и самото човештво. Според нив, религиозната потреба да се патува т.е. да се започне патешествие во потрага по светото е внатрешно-религиозен императив што го намамува трагачот во бесконечна состојба на транзиција и потенцијал (Tarner и Tarner, 1978: 1-3).

Како тогаш, ваквата античка шема на патешественикот (*хомо виатор)* се вклопува во современиот контекст на модерното време (Tomasi, 2002:3). Дали мотивите за религиозно патување сѐ уште се исти или промените во религиозните гледишта донесоа значително нови аспекти во потрагата по светите места? Според Томаси, патувањето на човекот и неговото доближување до светото, тесно е поврзано со социјалниот контекст и со историската ситуација. Затоа, денешните патешествија во светите места се сосема поинакви од патешествијата во минатото. Во минатото приоритет се давало на доблестите наметнати од религијата какви што се покајанието, прочистувањето и спасението. Современите религиозни патешественици поголемо значење им даваат на душевната сосотојба и на трансформацијата на сопствената личност за време на патешествието во светото место (Tomasi 2002:13). Современите поединци бараат автентичност на различни начини, потенцира Томаси и затоа начините на патување истовремено станаа и лични и плурализирани.

Како посебна форма на мобилност, аџилакот поткрепува сложени културни форми на себеси и на другите, на групниот идентитет и на општествената реалност, на географскиот простор и историскиот период и одвреме навреме на фундаменталната реалност. Заедно со која и да било друга форма на патување треба да се смета  за „предмет на дискусија што се менува со текот на времето“ (Adler, 2002:26-7).

Оттука, како што посочува Гилс, насочувањето од колективното кон индивидуалното се чини претставува важен составен дел на современиот аџилак.

Дури и ако се сменат формата и функциите на аџилакот, фундаменталната потреба за свето искуство и понатаму останува иста како што тврди и Томаси:

„Копнежот по светото во никој случај не слабее, ниту пак бледнее мотивот на современиот поединец по Апсолутното" (Tomasi, 2002:18-19). Затоа, аџилакот во својата современа форма може да се разбере како потрага по „свет центар". Сепак, меѓу религиозните патешественици се појавуваат нови начини на искусување на светото, при што еден од најзначајните нови трендови во создавањето на лична маршрута е тенденцијата да се мешаат различни религиозни и духовни извори и понекогаш дури и да се злоупотребуваат границите меѓу светото и вулгарното (Tomasi, 2002:20).

Сите форми на патување денес веднаш се поврзуваат со плуралистичко искусување на светот преку пренасочување на разумот од обичниот контекст кон „радикалните можности на дезориентираноста" и преку трагање по непознатото и нурнување во неговите длабочини (Plate, 2009:264; Ruf, 2009:268). Оттука, во современиот аџилак, традициите и влијанијата се мешаат во бројни лични и креативни начини илустрирајќи го преминувањето од посебното кон еклектичното.

Во таков случај, духовното искуство е длабоко вкоренето во одредена традиција и уште повеќе го проширува нејзиниот домен наместо да се оддалечува од неа. Се чини дека е духовноста растечка сила, не само надвор од утврдените религиозни институции, туку и во нивни рамки (Heelas i Woodhead, 2005:366).

Патешествијата кон светите места најчесто се колективни потфати, но на теоретски валиден начин можат да се опишат и како индивидуални патувања кон „некое друго место" што понекогаш е повеќе посакувано отколку познато (Tomasi, 2002:3).

Според Рут Блеквел, клучните теории за мотивацијата ќе бидат споредувани за да се идентификува примарниот мотивирачки фактор кој ги поддржува одлуките на луѓето да одат на аџилак. Теориите за мотивација се поделени на теории за содржина и теории на процес.

Теориите за содржина од една страна се фокусираат на она што всушност ги мотивира луѓето, барање да се идентификуваат и да се објаснат соодветните фактори.

Теориите на процесот од друга страна ги истакнуваат актуелните процеси за мотивација, со цел да се идентификува односот помеѓу различни динамички

променливи (варијабли), како што се вредностите и очекувањата, кои влијаат на индивидуалната мотивација. И двете групи на теоријата можат да го инфомираат нашето разбирање поврзано со мотивацијата во контекст на аџилакот.

Генерално, можеме да се согласиме дека, аџилакот е патување кое произлегува од религиозни причини кон свети места. Тоа има два елемента: надворешно патување кон светото место и внатрешно патување како трнсформативно духовно искуство. Терминот аџилак е сè пошироко распространет и во секуларен контекст. Како на пример, според Рут Блеквел, аџилак на воени гробишта, домови на познати личности, фудбалски стадиони. Може да се тврди, традиционално, дека особините на аџилакот биле такви што религиозната инволвираност била вклучена во патувањето и дека аскетичноста (строгоста) била вклучена во поголем или помал степен. Но, што можеме да најдеме денес? Брзо наоѓање информации на Интернет за аџилакот ни открива реклами за луксузно сместување, храна и погодности за аџиите на патувањето и на светите места. Не е невообичаено да се најдат сместувачки капацитети опишани како елегантни, луксузни и величествени.

Ова е спротивно на традиционалните тешкотии, како што се исцрпувачкото пешачење и физичката работа кои се вградени во традиционалниот аџилак. Првите записи покажуваат дека аџиите (иако не секогаш богати) поминувале низ многу тешкотии.

Треба да се забележи дека има ограничени студии за мотивацијата на аџиите: една од причините можеби е тешката тема за истражување. Кога ќе бидат прашани, многу аџии не се во можност да ги искажат своите мотиви, ниту можат да признаат дека имаат потреба да ги акумулираат заслугите за отстранување (простување) на гревовите, традиционална причина за одење на аџилак (Mustonen 2005:160).

Дури и кога основниот мотив за аџилак е експлицитно изразен како религиозен, може да се види дека мотивацијата и очекувањата се менуваат со текот на времето. Подобрените транспортни објекти и поголемото богатство на потенцијалните аџии довело до зголемување на комерцијализацијата на светите места (Shinde, 2007:343).

Мотивацијата може да биде дефинирана како движечка сила што се наоѓа во сите човечки суштества. Тоа е нешто што ја обврзува личноста да дејствува (да презема активности) (Mulins, 2009: 479-518).

Без мотивација аџиите не би биле во можност да ги постигнат своите духовни цели. Мотивацијата е сложен концепт и нема едноставен или универзален одговор на прашањето што ги мотивира луѓето.

Теориите на содржината на мотивацијата се фокусираат на оние работи што ги мотивираат луѓето да постапуваат на одредени начини: тие сакаат да ги идентификуваат потребите на луѓето, потоа да ги класифицираат нив во редот на релативната сила и да ги идентификуваат целите кои луѓето ги следат за да ги задоволат своите потреби. Една од најпопуларните теории на содржината е фокусирана на потребата како основи на мотивацијата. Абрахам Маслов (1954)

Штом потенцијалните аџии ќе се уверат дека нивните физиолошки потреби ќе бидат исполнети, може да се претпостави дека нивната мотивација ќе го смени фокусот кон потреби на повисоко ниво, како на пр. можноста да ги зголемат својата самодоверба и статус во својата религиозна заедница учествувајќи во макотрпен и престижен аџилак. Мустонен (2005)

Овие теории кои даваат увид за класификацијата и за примената на идеите соодветни на менаџирањето на аџилакот, се отворени за критика. Првата критика се фокусира на неможноста да се идентификува која потреба е најдоминантна кај поединецот во секое време: бидејќи е секоја личност различна, што се должи на посебноста на нивните искуства и социјализацијата и затоа е тешко да се генерализира. Второ, се тврди дека теориите на содржината можат да ги потценат ефектите на социјалниот и културниот фактор за мотивацијата: во култури каде се цени поединецот над групата верувањето дека сопствената реализација е пожелна и може да биде усвоена, додека во култури каде се истакнува важноста на групата над единката, сопствената реализација би можела да се смета како непожелна, себична цел (Mullins, 2009:479-518).

Јасно е дека е религијата примарен мотив за аџилак. Религиозниот мотив е сложен концепт со различни слоеви на значење и интензитет зависејќи од верувањето на поединецот и општествениот контекст.

Во минатото аџилакот се сметал како можност за авантура, личен напредок, создавање на богатство и размена на интелектуални идеи и практични информации (техниките за ѕидање, можности за тргување) како што е примерот со крстоносците кои патувале кон Светата земја. (Џонатан Самптон, 1975)

Аџилакот (поклонението) во денешно време обезбедува можност за авантура, бидејќи многу локалитети се лоцирани на оддалечени места до кои може да се стигне со неколкудневно патување пешки (Rudolph, 2004:100).

Мотивацијата за аџилак историски била поврзана со религиозни конфликти. Многу аџилаци (поклоненија) во средниот век ја проследувале декларацијата на папата за потребата за одмазда за наводното скверневење на христијанските религиски места. Понатаму, религиозната практика има влијание на мотивацијата на аџиите и на искуството на аџиите. На пример, Католичката црква во средниот век им ги простувала гревовите на аџиите и тоа ги мотивирало луѓето да одат на аџилак.

Како непланиран ефект од оваа практика довело до слабеење на духовната мотивација иако примарниот мотив бил простување на гревовите. Немало потреба од тешкотиите на аџилакот кога луѓето можеле да го купат простувањето на гревовите! Се разбира за многу луѓе во средниот век аџилакот бил единствена валидна причина за патување. (Сумптон, 1975)

Мотивацијата понатаму може да се промени кога поединецот ќе ги смени активностите, на пример од аџија во турист и обратно. Често поединецот дури не е ни свесен за тоа.

Homo turisticus religiosu патува од различни побуди т.е. мотивацијата може да биде:

- учество во верски празници (посета на саеми или изнесување на мошти), потреба за непосредна средба со светите места со посебна почит кон светителот на кого е посветено светото место, очекување на практични ефекти (исцелување), и
- да се истражуваат корените на сопствената верска заедница (Stamenković 2006:84).

Редиците светкави џипови на паркингот на едно ирско светилиште го натерало Грифин, да го постави прашањето дали аџилакот е парада на модата

демонстрирајќи го богатството на луѓето. Може да се претпостави, од неговиот мотив аџилак, кој претставува комплетна антитеза на духовната мотивација за аџилак. (Грифин, 2007).

Како што луѓето поминувале повеќе време во патување, тие биле во можност да го комбинираат аџилакот со патувањето и со одморите (Синг,2000).

„И покрај тоа што службено се обавува во исклучиво религиска мотивација и намера, тој нивен почетен мотив би можел да биде потполно потиснат или во најмала рака на работ на потиснувањето. Она што останува без дилема е повеќе или помалку застапувањето на овие нивни функции: 1. реактивирање на религиските чувства, 2. погоден облик за љубовни средби и запознавања, 3. ефективен облик на посредување за мажење односно женење, 4. вносен економски потфат, 5. можност а понекогаш и предизвик за неутрално религиско однесување, 6. поттик за ново грешење и чувство на простување на гревови, психичко растоварување и 7. туризам на запознавање на други земји, луѓе и обичаи (Cimic, 2007:60).

Познатиот хрватски религиолог, Јаков Јукиќ, истакнува три различни пристапи на аџилакот: првиот тргнува од разбирањето на аџилакот како духовно искуство, вториот го разбира аџилакот како ритуален чин или ритуал, а третиот го разбира аџилакот како социјален настан и завршува во социологијата како религиско патување (Jukic, 1988 : 34).

Во некои верски заедници постои пишана обврска на верниците да посетуваат места кои се значајни за верскиот живот. Од тоа се развил „религискиот туризам“. Некои одат на аџилак за да ја зајакнат својата вера, некои за да ја пронајдат. Повеќето верници одат од духовни, а не од туристички побуди. Преку аџилакот може да се бара простување на гревовите, а мотив може да биде заветот. Најчесто се оди на аџилак заради мотивите за оздравување (душевно и телесно, лично и на блиските), бидејќи се верува дека е молитвата изречена на „светите места“ (Cvitkovic, 2010: 27-28).

Во деведесетите години на минатиот век во поранешните социјалистички земји дојде до враќање на луѓето кон религијата, затоа што колапсот на социјализмот остави идеолошки вакуум. Распаѓањето на комунистичката идеологија мораше да доведе до значителни религиски промени, како и до промена во општата

религиска ситуација во речиси сите земји од Источна и од Централна Европа (Vrcan 2001: 43).

Меѓутоа, интересно е да се напомене дека светите места, местата за аџилак, биле посетувани и во времето на најголемата политичка секуларизација и атеизација на општеството. Така, на враќањето на народната религиозност претходи процесот на десекуларизација (Stamenkovic, 2006: 46).

Сепак не е лесно да се утврди каде престанува туризмот, а каде почнува аџилакот, или каде аџилакот се претвора во туризам. Еден од силните духовни мотиви на верниците, на религиските туристи е желбата за бесмртност и спас во вечноста, кои настојуваат да ја реализираат со спас за својата душа. Од друга страна, религиските туристи при посетата на светите места уживаат во разгледување на културните знаменитости, архитектурата и убавината на пејзажот. За практичниот верник местото на аџилак има духовна димензија, а за останатите тоа е туристичка дестинација. Ова се само идеални типови и всушност често е тенка линијата помеѓу нив.

# II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. Методолошка поставеност на истражувањето

### 1.1. Цели на истражувањето

#### 1.1.1 Научна цел на истражувањето

Во рамките на научните цели истражувањето ќе се обиде да го докаже фактот дека религијата, како составен дел на културата содржи во себе значајни ресурси кои се во функција на развојот и афирмирањето на туризмот во Република Македонија. Тоа пак од своја страна е многу погодна форма преку која можат да се афирмираат вредностите на сакралните објекти, а со тоа и вредностите на културните и религиозните традиции во Република Македонија. Истражувањето има за цел да ги открие државните и црковните механизми и ресурси преку кои ќе се афирмираат религиските сакрални објекти како своевидни обрасци на религиските и културните традиции на Република Македонија. Бројни верски објекти потекнуваат од најраните години на настанувањето и афирмацијата на христијанството во Европа. Културната и религиската традиција проткаена со соодветни сакрални објекти е голема можност за развој на религискиот туризам во Република Македонија.

#### 1.1.2. Општествено практична цел на истражувањето

Општествено практичната цел на истражувањето е да ги покаже потенцијалите на религискиот туризам и неговиот придонес во целокупниот економски развој на државата. Во рамките на овој тип туризам огромни се потенцијалите на манастирскиот туризам преку кој туристите можат да ги видат историските, културно-уметничките и религиските вредности на определен манастир како комплекс со црква, конаци и придружни убавини; можат да останат неколку дена во манастирот набљудувајќи ги литургиите, а со тоа и специфичниот начин на живот

во манастирите; во текот на својот престој можат да се вклучат во некои активности од секојдневниот начин на живот во манастирите. Со тоа огромен бенефит би имала и црквата и државата.

## 1.2. Задачи на истражувањето

- Да се утврдат најзначајните фактори што влијаат врз развојот на религискиот туризам во Република Македонија;
- Да се утврди дали и колку Македонската православна црква – Охридска архиепископија е промотор на религискиот туризам во Република Македонија;
- Да се утврди дали државата преку Министерството за култура и другите надлежни институции го поддржуваат развојот на религискиот туризам во Република Македонија
- Да се констатира улогата на Туристичкиот сојуз во развојот на религискиот туризам;
- Да се определат карактеристиките на религискиот туризам во Република Македонија;
- Да се утврди кој од споменатите фактори најмногу влијае врз развојот на религискиот туризам во Република Македонија

## 1.3. Методи и техники на истражувањето

Врз основа на определениот предмет, цели и задачи, се определуваат следните методи и техники на истражувањето: примарна техника ќе биде интервјуто, надополнето со методот на компаративна анализа.

Согласно со дефинираниот предмет на истражувањето, како и со неговите цели и задачи, во истражувањето на религискиот туризам како и на односот на религиските организации и државните институции кон неговиот развој, применет ќе биде социолошки пристап, чија практична анализа на предметот (предметна

елаборација, градење на поимната рамка на истражувањето), примарно ќе се базира на интервју со дополнување на методот на компаративна анализа.

Методите и техниките што ќе бидат применети во истражувањето, пред сè, затоа што станува збор за научно-истражувачки труд, првенствено ќе се базираат на емпириските податоци добиени со помош на интервјуа. Покрај оваа техника која е примарна, ќе биде направена и анализа на развојот на религискиот туризам во Балканскиот регион, Европа и светот, преку компаративен метод.

За проучување на религискиот туризам во Република Македонија, интервјуто ќе се употреби за испитување на ставовите на религиските великодостојници, свештенството, како и на претставници на монашките редови од Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА). Во интервјуто ќе бидат опфатени и претставници на државните институции кои се занимаваат со оваа проблематика т.е. на Министерството за култура, заводите за заштита на спомениците на културата и музеи. Интервјуто ќе биде структурирано со претходно осмислени и формулирани прашања, кои на некој начин ќе преставуваат операционализација на теориските ставови во теориско-хипотетичката рамка на истражувањето. Компаративниот метод има посебно значење за истражувањето во рамките на овој труд. Во истражувањето, овој метод ќе биде неопходен, бидејќи ќе се направи споредба меѓу ставовите за развојот и практичното имплементирање на религискиот туризам во Република Македонија и во другите земји во Европа и во светот.

## 1.4. Истражувачки прашања

- Колку ходочастието (аџилакот) како дел од ритуалниот елемент на религијата е значаен за развојот на религискиот туризам во Република Македонија;
- Колку доктринарниот елемент на религијата е значаен за развој на религискиот туризам во Република Македонија?
- Колку психолошко-емоционалниот елемент на религијата е значаен за развој на религискиот туризам во Република Македонија?

- Каков е односот на Синодот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија кон религискиот туризам?
- Каков е односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ – ОА кон религискиот туризам?
- Колку верските манифестации поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) придонесуваат за развојот на религискиот туризам?
- Каков е односот на Министерството за култура на Република Македонија кон религискиот туризам?
- Каков е придонесот на заводите за заштита на спомениците на културата и музеи на Република Македонија за развојот на религискиот туризам?
- Колку вложува Туристичкиот сојуз на Република Македонија во афирмацијата на религискиот туризам?
- Колку културните манифестации поврзани со одредени свети места придонесуваат за развојот на религискиот туризам?
- Колку добро осмислениот маркетинг од страна на државата овозможува за развој на религискиот туризам?
- Колку државата преку своите надлежни институции финансиски вложува во афирмација и развојот на религискиот туризам?

## 2. Анализа и интерпретација на резултатите на интервјуто

### 2.1. Ставови за социолошките аспекти на развојот на религискиот туризам во Република Македонија

Социолошките аспекти за развојот на религискиот туризам во Република Македонија е од особено значење за земјата особено имајќи предвид дека црквите и заводите за заштита на културното наследство и спомениците на културата и музеите се повикани да ја поддржат својата голема културна мисија и да не дозволат да се вовлечат во процес спротивен на нивната култура. Заедничкото користење на спомениците на културата од страна на музеите и црквите и нивната взаемна поврзаност се покажа како функционална од повеќе аспекти. Како една особено

важна дејност на музеите е да им обезбедат помош на верските заедници при реставрација на нивните сакрални споменици и реликвии кои се во нивна сопственост.

Големите верски манифестации се поврзани со посетувањето на одредени свети места. Вакви манифестации се среќаваат уште кај најстарите цивилизации. Македонија е земја со богата културна, а во тој контекст и религиозна традиција. Тоа е земја која има свој придонес во развојот на европската култура и во развојот на христијанството. Културната и религиозната традиција нуди голема можност која треба да се искористи во секој поглед, а особено во развојот на религискиот туризам.

Токму поради наведените и други аспекти се јавува потребата за сериозно, систематско, длабинско и научно проучување на религискиот туризам во Република Македонија

За целите на овој труд спроведено е истражување во кое носечка техника на интервјуто се претходно формулирани прашања. Поаѓајќи од споменатото, со спроведените интервјуа беа опфатени 25 испитаници како претставници на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, монаси и монахињи на МПЦ-ОА, претставници на Министерството за култура, претставници на заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, професори од Факултетот за туризам и од Богословскиот факултет.

Во понатамошниот дел од текстот ќе се објават ставовите на горенаведените испитаници по прашањата што се однесуваат на развојот на религискиот туризам во Република Македонија

1. **Колку е ходочастието (аџилакот) како дел од ритуалниот елемент на религијата (поклонение на светителите) значајно за развојот на религискиот туризам во Република Македонија?**

Според претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, поклонението отсекогаш било значаен сегмент во традицијата на православното христијанство. Познато е дека уште порано на овие простори била голема чест за оној што ќе појдел во светиот град – Ерусалим, станувајќи аџија, па додавката често

била и составен дел од името. Македонија, пак, покрај бројните цркви и манстири стари и со векови, го има Охрид, т.н. словенски Ерусалим, кој, покрај природните убавини, го поседува најсилниот религиозно-туристички аргумент меѓу словенската популација, како огниште на словенската писменост. Под „аџилак“ обично се мисли на поклонението во Светата Земја, додека за сите останати видови веројатно доволно е да се користи терминот „поклонение“.

Исто така и претставниците на Богословскиот факултет, сметаат дека, Република Македонија е сè попозната во светот по вредноста на манастирите. Моќта на манастирите привлекува сè повеќе и повеќе гости. Во Македонија постојат над 150 сочувани манастири, од кои поголем број имаат само локален карактер. Засега најпосетена поклоничка дестинација се охридските катедрални цркви и манастирите: новообновениот манастир Плаошник на свети Климент и манастирот на свети Наум на Охридското Езеро. Манастирот Свети Наум во Охрид, од туристички аспект, засега е позитивен пример во земјава, бидејќи со обновените конаци нуди најповолни услови за престој на гости. И без туристичка стратегија конаците се полнат.

Интервјуираните од Министерството за култура, сметаат дека аџилакот, како духовна потреба на верниците бил практикуван во сите епохи на историјата до денес. Тоа е своевиден вовед во практиката на религискиот туризам, ако се има предвид фактот дека самиот чин на поклонение на светиите е придружен со низа дополнителни општествени, културни и трговско-економски активности. Ранохристијанскиот аџилак подразбира првенствено посета на светите места поврзани со животот и страдањата на Исус Христос, во Ерусалим, но набргу потоа се практикува на поширокиот ареал на Блискиот Исток, Медитеранот и оттаму, на просторот на скоро цела Европа. Светите места се поврзуваат со случките од земниот живот на Христовите маченици и светители или нивните мошти со исцелителна моќ. Како дел од ранохристијанскиот свет и територијата на Македонија била место за поклонение и почит кон светиите. Тука во прв ред се вбројува Македонскиот Ерусалим Охрид, (Лихнидус) со Полинкобхосот на Плаошник и базиликата на св. Еразмо Лихнидски, како и ротондата-маттириум во Коњух. Во

средниот век аџилакот добива целосна афирмација која како традиција се задржува до денес.Тоа се однесува пред сè на поклонението на светите мошти на св. Климент, св. Наум и новите подвижници за Христовата вера, како што се св. Никита, св. Јоаким Осоговски, св. Гаврил Лесновски и други.

Лицата кои беа опфатени со интервјуто кои се вработени во заводите за заштита на спомениците на културата и музеите во Република Македонија, сметаат дека, со оглед на фактот дека е религискиот туризам еден од најстарите видови туризам и во поново време доста застапен и економски исплатлив, ходочастието (аџилакот) како дел од ритуалниот елемент на религијата е значаен фактор за развој на религискиот туризам во Република Македонија. Познавањето на теолошките вистини е значаен елемент за развој на религискиот туризам, зашто верата пред сè има духовна функција - исцелување, исполнување и обновување; културно запознавање на сопствената религија, а потоа и на другите верски убедувања. Религискиот туризам многу често попознат и како верски туризам е тип на туризам каде што луѓето патуваат индивидуално или во групи за аџилак, мисионерство поврзано со духовен одмор. Најголемата форма на масовен религиски туризам се одвива на годишниот аџилак во Мека, Саудиска Арабија. Додека религиските туристи во Северна Америка го зголемуваат профитот од ваквиот вид туризам на таа индустрија за околу 10 милијарди. Со оглед на бројката која е запазена и профитот од овој вид туризам несомнено може да се каже дека и кај нас развојот на ваквиот религиски туризам ќе биде од огромно значење за државата.

Ходочастието во христијанството има своја долга традиција чии зачетоци се бележат уште во IV век, најпрвин поврзани со светите места во Ерусалим, а подоцна и околу мартириомите (места на маченичките страдања) на христијанските светци, во Палестина, Египет и Сирија, што кон VI век се проширува во Цариград и малоазиските провинции на Византиското Царство. Од овој перод датираат и најстарите записи, белешки и доживувања на поклониците при нивните посети на светите места, како што е на пример дневникот на Етерија од IV век. Пронајдени се и првите Итинерари - прирачници и карти со упатства за посета на Светата Земја, Ерусалим и останатите свети места на христијанскиот исток. Суштината на овие

верско-религиозни поклонички патувања била поклонение пред моштите на светецот, нивната чудотворност и мироточивост, а по можност и земање на дел од нив. Поклоничките патувања биле возвишен чин и настан во животот на секој верник, како во средниот век, така и подоцна за времето на Османлискиот период сѐ до времето на Преродбата. Ходочастието (аџилакот) е основниот и најсуштествениот дел во изразување и исполнување на религиозните чувства и сфаќања на секој вистински верник (православен христијанин, католик или пак муслиман).

Познати се поголем број наши поклоници-аџии, кои во XIX век го посетиле и се поклониле на Светиот гроб и на другите свети места во Ерусалим или пак на Света Гора Атонска, а оттаму за спомен носеле икони на платно познати како Ерусалими или пак хартиени икони познати како Светогорски еулогии. Прекин на оваа религиозна практика настапува кон средината на XX век и се обновува во годините на почетокот на XXI век.

Во врска со ова прашање, монасите и монахињите на МПЦ-ОА, кои беа опфатени со ова интервју сметаат дека, поклонението како израз на благочестието на верниот народ, не е идентично со т.н. религиски туризам. Значи, се прави дистинкција меѓу изворно поклонение и организиран религиски туризам. Автентичниот поклоник не може да биде турист. Поклонението го организира црквата, а не туристичката агенција. Естетизацијата на просторот, оплодена од можноста за релативно брзо, евтино и сигурно патување до најнедостапните простори на земјата, раѓа еден нов профил луѓе, кои Бауман ги идентификува како постмодерни типови. Еден од таквите типови луѓе се туристите. Тие во никој случај не се номади, ниту пак, претставуваат незабележителна маргинална групација. Напротив, нивниот стил на живот сѐ повеќе го присвојува и го оформува просторот на нашето секојдневие. Тие ја „купуваат својата слобода“ и сигурност во извесни аранжмански или т.н. all inclusive пакети.

Кованицата „религиски туризам“ циркулира во секојдневниот јазик, но тоа не претставува оправдување за грубоста, неприродноста и површноста при нејзиното обмислување. За оваа група испитаници, семантички термините религија и туризам се неспоиви. Поклоникот, за разлика од туристот, не е анестезиран за духовните,

социјалните, морално-етичките, па доколку сакате, и за естетските простори на општествата низ кои се движи при своето поклоничко патување. Тој не е набљудувач, туку учесник во историските збиднувања. Поклоникот е припадник на конкретна заедница. Тој слободно, без разлика на последиците се идентификува како верник. Тоа не може да биде барано од туристот. Тој по дефиниција е индивидуалец. За него целта ги оправдува средствата. Патувањето за него е спогодбен договор помеѓу него и агенцијата.

Неможно е да се стави знак на еднаквост помеѓу поклоничките патувања или аџилакот од една страна и културниот, образовниот, здравствениот, гастрономскиот или авантуристичкиот туризам од другата страна.

Поклоничките патувања во ниту еден случај не се пројавуваат како пополнување на слободното време на верниците, не содржат одмор и рекреација, туку одговор на конкретните духовни потреби на литургиските собранија во одредени епархии или парохии. За верникот, посетата на светите места има длабоко и личносно значење. Тоа е историски настан во неговиот живот. Нема никаков простор за ритуални елементи при личната средба на човекот со светителот. Недоволното внимание посветено на овој феномен од страна на црквата и верските заедници, но и од страна на научно-образовните и државни институции што се занимаваат со туризам може да се покаже фатално во одредени сегменти, како за духовното, така и за културно-историското наследство во еднакво лошо наречените „атрактивни религиски дестинации“.

Исто така еден од интервјуираните од оваа група, смета дека е најнапред потребна сериозна дебата помеѓу институциите засегнати со оваа проблематика, при што би се отвориле сите аспекти на заштитата на духовното, културното и на историското наследство. Од големо значење е именувањето, односно одредувањето термини на самите патувања, на организаторите, но и на домаќините на истите. Дури потоа би можело да се разговара за мапирање на духовните центри што можат да бидат отворени за презентација, или подобро речено за сведоштво на духовните вредности во нашата држава. Ходочастието е подвиг на одредено патување за средба со светињата, допрена од благодатта, со цел за подлабоко осознавање на

истата, а со тоа длабоко врзана за внатрешниот подвиг на душата. Со самото тоа не станува збор за некаков ритуален елемент. Наспроти поклонението, религискиот туризам е природна потреба на современиот човек и тука настапува организираноста на ваквиот тип туризам гледајќи пред сè на профитот како начин на просперитет. Посетата на светите места од овој аспект како разгледување, набљудување и промена на секојдневието е неспоредливо со поклонението. Оттука, или станува збор за поклонение или пак за религиски туризам како профано и секуларно патување. Со самото тоа што доаѓаат посетители тие пројавуваат интерес за поклоничко патување. Од секогаш имало интерес за вакви посети. Во денешно време за развој на општеството се зголемува бројот на тие посетители поклоници.

Претставниците на Факултетот за туризам кои беа опфатени со интервјуто, имаат различен став кон ова прашање. Некои од нив сметаат дека ходочастието (аџилакот) како дел од ритуалниот елемент на религијата (поклонение на светителите) е значаен за развојот на религискиот туризам во Република Македонија. Некои пак сметаат дека е малку значаен, или дека воопшто не е значаен.

2. **Колку е доктринарниот елемент на религијата (познавањето на теолошките вистини) значаен за развојот на религискиот туризам во Република Македонија?**

Претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, сметаат дека, неблагодарно е расчленувањето на односот на верникот кон Бога на елементи. Има многу интелектуалци, посебно изучувачи на филозофијата кои доктринарно исклучително добро познаваат одделни филозофско-теолошки тематики, но немаат позитивен однос кон религијата. Секако дека познавањето на сопствената вера е значајна во повеќе области на христијанското живеење на верникот, па и на религискиот туризам. Претставниците на Богословскиот факултет, во врска со тоа, колку доктринарниот елемент на религијата (познавањето на теолошките вистини) е значаен за развојот на религискиот туризам во Република Македонија, сметаат дека религискиот туризам се состои од поклонички патувања до определени дестинации

(светилишта) мотивирани исклучиво од верски побуди. Меѓутоа, многу често во поклоничките групи поради разни причини има и поклоници по мотивација од љубопитност. Сепак доктринарниот елемент на верата е одлучувачки фактор.

Според претставниците на Министерството за култура, кои учествуваа во интервјуто, во основа не треба да се инсистира на догматските елементи по секоја цена. За развојот на религискиот туризам потребна е едноставна, кратка приказна заснована на материјалните докази или легенди.

Лицата пак кои учествуваа во интервјуто од заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, размислуваат во насока дека познавањето на теолошките вистини е значаен елемент за развој на религискиот туризам, зашто верата е пред сѐ духовна потреба - исцелување, исполнување и обновување, а потоа има и одредени културни и општествено-интегративни функции. Покрај разгледувањето и презентацијата на профилот на земјата која се посетува, знаменитостите во неа, владеењето на историските податоци при презентацијата на истата, од големо значење е и познавањето на теолошките вистини на религијата поврзани со земјата кој треба да биде посетена од таа група. Кога се говори за оваа тема треба да се нагласи поврзаноста на нашето современие со нашето минато и припадноста на македонскиот народ на христијанската вера која на овие простори има придонесено за клучниот цивилизациски исчекор, кон вредностите кои почиваат на традициите и придобивките на претходните епохи.

Претставниците на монасите и монахињите на МПЦ-ОА, кои беа опфатени со ова интервју во врска со ова прашање го изнесоа ставот дека, доколку теолошките вистини само се познаваат, а не се живеат, и не се спроведуваат во практика, самото познавање на доктрината како информација нема да влијае врз етосот на верникот. Духот и етосот на православието, православното предание како и еклисиологијата не дозволуваат Црквата да биде (зло)употребувана како средство за стекнување политичка или економска моќ. Црквата треба да го прави она што □ е дарувано во историјата, а тоа е објавување и сведочење на Благата вест за победата над смртта во Распнатиот и Воскреснатиот Богочовек. Митрополитот Антониј Блум вели:

„Постои светоглед што  одговара на верата, но самата суштина на верата не е систем од поими". Со запознавањето на теолошките вистини се стекнува поинакво гледиште на социолошкиот аспект на религискиот туризам. Со тоа би се разграничила православната вера од религијата, поклонението од религискиот туризам, а секако би се дефинирал и културниот идентитет. Многу е значајно познавањето на теолошката вистина, посетата од поклонениците односно на туристите од внатре во земјата е особено значајна и во поголем број, но секако е важна и посетата на туристите поклоници од другите земји. Во Македонија претежно доаѓаат учесници од Балканот и од околните земји. Посетата е претежно организирана. Во претходниот режим на социјализмот посетите биле во помал број, но сепак постоеле. Странците претежно при посетата не прават религиски ритуал, најчесто доаѓаат од туристички интерес.

Претставниците на Факултетот за туризам, имаат спротивставени и различни сфаќања, па така според едни малку има вистински познавачи на религијата во Република Македонија, според други е битно познавањето на теолошката вистина особено во последните години од осамостојувањето па до денес, според други пак дека воопшто не е значаен доктринираниот елемент за развојот на религискиот туризам.

### 3. Колку е психолошко-емоционалниот елемент на религијата (верувањето дека на светите места е можно исцелување од болести) значаен за развој на религискиот туризам во Република Македонија?

Според одговорите на претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, во однос на ова прашање, се добива впечаток дека со психолошкиот емоционален елемент се нагласува најповеќе желбата на верниците за чудотворно исцеление. Тоа е присутно кај атеистите. Сите ние познаваме многу луѓе кои се изјаснуваат како атеисти, а во моменти на големи тешкотии, бараат помош за исцеление при посета на моштите на одредени светители.

Во Македонија постои традиција за челебни места, но тоа е познато повеќе меѓу верниците што ја практикуваат верата. Во случајов секако не се мисли на оние бајачки места или места каде упатуваат бајачите. Тука не може да се говори за никаков туризам, туку за девалвирање на религиозното чувтство и достоинство.

Според претставниците на Богословскиот факултет за религиски турист - турист верник по дефиниција, велиме за оној корисник на туристички услуги, којшто владее со сопствената религија и е убеден во своите верски ставови, а згора на тоа редовно ги исполнува своите верски обврски и поклонички завети. Најчесто, овој вид турист, кога избира туристичка дестинација очекува агендата да има верски содржини и да има пристап до свети објекти (најмногу заради присуство и учество во богослуженија и заради причесна). Да се сака поклоништвото тоа значи да се биде како другите верници, бидејќи поклоникот е верник. Религиозноста се јавува како внатрешна, помалку или повеќе како трајна диспозиција, која се манифестира на вербален или невербален начин во однесувањето на верникот, побудувајќи кај верникот едно личносно, духовно расположение и искуство. Тоа е комплексна психичка состојба - психолошки конструкт во кој постојат мноштво компоненти, а најбитни се спознанието, чувството и активистичката мотивираност. Па уште пред да замине на поклонение, аџијата има пред себе цел. И тоа е вистина. Исто како што е вистина дека е ходочастието пат во одредено место (дестинација), со одредена цел, во определено време. Ходочастието е планирано одење и планирано враќање. Се оди таму со љубов, вера и надеж, за да се врати тука променет, обновен, поинаков, здрав. Во православната црква - преку почитта и поклоништвото на светите мошти, на пример, се очекува практичен ефект како што е исцелување од тешки и неизлечиви болести, неплодност и други видови помош. И затоа, при враќањето, поклоникот, освен стекнатото верско искуство, со себе зема и предмети и спомени од местата на поклонението. Местото кон кое поклоникот се упатил е свето место. Религиозното поклоништво подразбира и одење кај прочуени и прославени свети луѓе, што не е практика и кај класичниот туризам.

Во врска со ова прашање, според претставниците на Министерството за култура, исцелителниот аспект треба да биде вклучен во нарацијата за светото

место. Според претставниците пак на заводите за заштита на културното наследство и музеите, психолошко-емоционалниот елемент на религијата е доста значаен за развој на туризмот во Република Македонија, зашто верата како мотив од здравствени или културни мотиви, е еден од најстарите облици на патување, а денес веќе прераснува и во туристички мотив. Понатаму исто така надвор од доменот на медицинската наука поставени се море од сајтови на места кои се сметаат од страна на многу луѓе како места сопособни за чудесно исцелување на болни и повредени луѓе. Некои можат да бидат поврзани со специфични вери, а некои можат да ги отворат своите метафорични врати за сите народи. Некои можат да датираат од античките времиња, а некои можат да имаат само стекнати навидум магични способности во модерните времиња. Едно нешто што тие имаат заедничко сепак, е нивната способност да примамат посетители од сите видови да се види за себе, дали овие наводно, алтруистички енергии би ги задоволиле нивните потреби. Земајќи го ова предвид, и сè поголемата верба на луѓето во ваквото исцелување, психолошко-емоционалниот елемент е доста значаен за развојот на религискиот туризам во Македонија. Секако дека има голем удел во одлуката на верникот да замине на одредено свето место познато по својата чудотворност и исцелителност. Тоа е основниот внатрешен порив кој ја вообликува и ја дефинира личната - приватна побожност и односот кон рационалното - материјалното и кон духовното.

Според претставниците на монасите и монахињите на МПЦ-ОА, кои беа опфатени со интервјуто, автентичниот верник и поклоник од личен опит знае дека верата го прави чудото, а не чудото верата. Тој разликува душевност од духовност, психологија од онтологија, тој никогаш нема да гради на психо-емоционалната платформа, кога е во прашање неговата вера. Над вака формулираното прашање се чувствува извесна сенка, ладна прагма што мириса на печалење над туѓата мака. Всушност, зрелиот човек, својот однос со Бога, со другите луѓе, па и со природата, го гради на едно, само нему својствено, личносно рамниште не обидувајќи се да извлече каква било добивка од сето тоа. Поврзувањето на верата со исцелението има смисла единствено во прашањето за победата над смртта. Во така поставениот светоглед, човекот, воден од Духот минува низ психо-емоционалната патологија и ја

надминува неповреден, не запаѓајќи во замките на суеверието и стигнува на изворите на чистата и автентична вера во живиот Бог. Според интервјуираните исто така, повторно, религискиот туризам и поклонението се неспоредливи. Со оглед на тоа што луѓето заради тоа што веруваат во исцелителната моќ, целта на посетата е дека со верување во бог, светителот ќе им помогне. Особено ваквите посети се најмасовни на денот на патронатот на црквите или манастирите.

Според претставниците на факултетот за туризам, психолошко-емоционалниот елемент на религијата (верувањето дека на светите места е можно исцелување од болести) е многу значаен за развој на религискиот туризам во Република Македонија, но има и спротивставени мислења.

## 4. Каков е односот на Синодот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија кон религискиот туризам?

Според претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, во врска со односот на Синодот на Македонската православна црква - Охридска архиепископија кон религискиот туризам, црквата никогаш не гледала на посетувањето на светите места како на туризам, но е свесна за потребата дека треба да постојат услови за посета, престој и др. за намерникот кој дошол да го посети светото место.

Претставниците на Богословскиот факултет опфатени со интервјуто се единствени во ставот дека Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, имајќи ја предвид зголемената потреба на верниот народ од посета на манастирите и црквите на територијата на Македонската православна црква, од поклонички и туристички карактер, формира тело коешто треба да подготви физибилити-студија за можностите за развој на овој вид туристичко-поклонички патувања.

Тоа значи дека МПЦ-ОА веќе има луѓе кои би се грижеле за луѓето „во движење", а тоа се туристи, иселеници, патници, поклоници, аџии. Во поново време има поместување во позитивна насока, но времето на продолжена транзиција не

само на капиталот, туку и на духовните вредности, ја интензивираа незаинтересираниста меѓу оние фактори кои од Македонија требаше да направат посакувана туристичка дестинација од културен аспект.

Ставовите на претставниците на Министерството за култура, за односот на Синодот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија кон религискиот туризам пред сѐ се однесуваат на тоа дека е позитивен тој однос, доколку не се нарушуваат верските канони и стандарди. Претставниците на заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, во врска со ова прашање сметаат дека многубројните цркви и манастири во Република Македонија се привлечни за туристи, но сето тоа останува недоволно искористено поради некоординираноста меѓу туристичките агенции и МПЦ-ОА, па затоа и бројот на верски туристи е сведен на минимум. Имено од МПЦ-ОА велат дека црквите и манастирите се отворени за сите оние што ќе побараат благослов. Според Агенцијата за поддршка на туризмот, развојот на верскиот туризам зависи од повеќе фактори, а најмногу од подготвеноста на старешините на манастирите да ги отворат портите за туристи и да се обезбедат сместувачки капацитети за престој. Значи тој однос до денешно време не е толку развиен колку што би можело да биде. Сепак недоволната соработка го дава тој исход. Кога таа би ги променила своите димензии и постои поголем интерес од двете страни кои би биле инволвирани во презентацијата и понудата на тој религиски туризам, истиот ќе биде повеќе застапен во иднина. Според други интервјуирани, веројатно таму воопшто и не се разговара на оваа тема, бидејќи досега не се бележи некоја активност или пак обид црквата да излезе и да претстави своја стратегија и програма во афирмација и развој на религискиот туризам. За ова од особено значење би биле поголемата ангажираност и активност во вклученоста на црквите и манастирите преку изработка на своја стратегија, како и поврзаност со туристичките агенции. Претставниците на МПЦ-ОА би требало да се поотворени за соработка со туристичките организации.

Претставниците на монасите и монахињите на МПЦ-ОА, во врска со ова прашање се единствени во својот став дека, САС на МПЦ-ОА го разгледува, но сѐ

уште не се изјаснил по ова прашање. Понатаму, православната црква препознавајќи ги вредностите на животот, зрелоста на верникот, поимањето на животот на обичниот народ и набљудувањето на личностите кои трагаат или пак оние кои едноставно поминуваат, лесно ја препознава и својата мисионерска дејност. Според нив, треба внимателно и конкретно да се одвојат поимите за поклоништво и религиски туризам. Неретко Руската православна црква се зема како пример за организација на туризмот и поклоненијата. Сепак, гледајќи дека денес овие два феномени се неспоиви во практика таа смета дека е потребно нивно разграничување во легислативна рамка.

За претставниците на Факултетот за туризам, односот на Синодот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија кон религискиот туризам е многу ригиден. Станува збор за економски бизнис од кој државата нема ништо, со самото тоа што не постои фискализација во црквите и во манастирите. Исто така според претставниците на оваа целна група, МПЦ не е отворена за соработка и не се залага доволно за развој на религискиот туризам.

5. **Каков е односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ – ОА кон религискиот туризам?**

Според претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ-ОА кон религискиот туризам, зависи од пристапот на секој манастир одделно, како и од други фактори (важноста, достапноста, пристапноста). На пр. познато е дека меѓу најпосетуваните манастири се оние на свети Наум и на свети Климент на Плаошник во Охрид, но таму се посетуваат манастирските цркви, додека, на пр. во манастирот Бигорски, посетителот има можност да земе учество во манастирскиот ден со престој во манастирот, придржувајќи се до манастирскиот типик.

Претставниците на Богословскиот факултет, кои учествуваа во интервјуто, имаат заеднички став во врска со ова прашање: манастирите во Македонија се уште

не се ставени доволно во функција на луѓето. Меѓутоа, се гради заедничка визија помеѓу компетентните лица кои би го споиле верскиот туризам со културниот и еколошкиот туризам, по примерот на многу земји во светот. Во високоразвиените европски и светски туристички центри, значајните (национални) светилишта претставуваат значаен фактор во избор на туристичката дестинација. Така најчесто одлука за насоката на придвижувањата и местото за престој зависи од бројот и квалитетот на светилиштата чиј главен сегмент претставуваат манастирите. Некои од професорите на Богословскиот факултет се појавија со свои трудови од областа на верскиот туризам и тие можат да се најдат веќе при манастирите. Најстариот, пак, Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, го направи првиот чекор за верскиот туризам, со тоа што изготви скромен прирачник, којшто ги подучува туристичките водичи за поважните цркви и манастири низ Македонија. Во таа смисла, како помалку или повеќе успешни се покажале и некои од туристичките агенции. Меѓутоа, домашните специјализирани служби сè уште лошо и со резерви гледаат на таков верски туризам.

Според мислењето на претставниците на Министерството за култура опфатени во интервјуто, ако се има предвид контемплацијата на монашкиот ред, омасовувањето на религискиот туризам може да биде прифатен со резерва.

Лицата што се опфатени со интервјуто од заводите за заштита на спомениците и културата и музеи, имаат различни ставови по ова прашање. Еден од испитаниците смета дека, нема потреба државата да соработува со туристичките агенции и дека на манастирите не им треба реклама зашто тие се културно-историски споменици кои им се познати на сите луѓе. Една од причините е тоа што во манастирите не може да се развива класичен туризам, заради почитување на редот во нив, а некои и немаат капацитет да примат поголем број на туристи. Според друг испитаник пак, врз основа на искуствата, тој однос на претставниците на монаштвото како дел од МПЦ би бил од голема корист за развој на ваков вид туризам

Преостанатите испитаници пак истакнуваат дека, при остварениот контакт со претставниците на монаштвото како дел на МПЦ - ОА кон религискиот туризам сретнувале и такви кои биле желни да ги информираат луѓето кои се интересираат за повеќе информации поврзани со религијата. Во основа, манастирските центри и монаштвото го поддржуваат овој тип туризам, бидејќи во крајна линија придонесува за материјално зајакнување и егзистирање на манастирите. Тоа е практика во целиот христијански свет, особено изразена кај манастирските заедници на Света Гора.

Монасите и монахињите на МПЦ-ОА, во врска со ова прашање се единствени во својот став. Возобновеното македонско монаштво се труди во секој посетител на македонските манастири да види лик Божји, икона Христова, да му излезе во пресрет, независно дали тој доаѓа како поклоник, посетител или турист. Според некои од говорниците, возобновеното македонско монаштво во духот на светоотечкото предание го запазува послушанието на гостољубие. Младите монашки заедници во Македонија, според своите капацитети и можности, се трудат да понесат дел од бремето на својот современик. Невозможно е да се има поинаков однос освен како кон туризам. Во живите манастири не станува збор само за историја на верата, но и за подготвеност една личност да го посвети животот на чистотата на верата и да се бори според духовните закони. А животот сам по себе, особено духовниот, не може да биде изложен на разгледување и информирање. Монахот, воспитан од Светиот Дух, познавајќи ја вредноста на секоја личност остварува средба овде и сега, гледајќи го како човек, а не како турист, но правејќи разлика за неговите интереси. Невозможно е да се има поинаков однос освен како кон туризам. Во живите манастири не станува збор само за историја на верата, туку и за подготвеност една личност да го посвети животот на чистотата на верата и да живее според духовните закони. Монахот, воспитан од Светиот Дух, познавајќи ја вредноста на секоја личност остварува средба овде и сега, односно, и покрај тоа што монасите треба да се изолираат, (во денешно време сите оние посетители го нарушуваат нивниот мир), сепак тие се достапни за верниците и за посетителите.

Претставниците на Факултетот за туризам кои беа опфатени со ова интервју имаат различен став по прашањето за односот на претставниците на монаштвото

како дел на МПЦ - ОА кон религискиот туризам. Всушност според некои од испитаниците, нивниот став е повеќе негативен, отколку позитивен. Монасите не сакаат некој да им го нарушува мирот без разлика дали се тоа туристи кои при посетата оставаат и средства за да задоволат и свои потреби. Според ставот на другите испитаници пак, односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ-ОА кон религискиот туризам е практичен и егзистенцијален без емоции или пак овој однос на монасите кон религискиот туризам е различен во секој манастир или црква.

6. **Колку верските манифестации (организирани од страна на МПЦ-ОА) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) придонесуваат за развојот на религискиот туризам?**

Претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА опфатени со интервјуто, сметаат дека придонесот сигурно псотои, но само како колатерална придобивка. Поводот и целта секогаш биле исклучиво поврзани со почитта кон определен светител или празник. Инаку МПЦ никогаш не организирала посета на лековити води... или пак нешто слично.

Испитаниците од Богословскиот факултет, во врска со ова прашање истакнуваат дека местото кон кое поклоникот се упатил е свето место[1]. Религиозното поклонииштво подразбира и одење кај прочуени и прославени свети луѓе, што не е практика и кај класичниот туризам. Повеќето од нив сметаат дека, како директни мотиви за поклоништво би можеле да се забележат неколку причини: учествување во верски свечености и празнувања (во православието тоа се посетување на храмови, слави, пренос (опход) на мошти на некој светител или изнесување на реликвии); потреба за непосредна средба со конкретните свети места;

*([1] Најпознати светилишта за христијаните се: Црквата на „Воскресението Христово (Христовиот гроб)" во Ерусалим, базиликата на „Свети Петар" во Рим, за муслиманите Мека и Медина и други национални и локални светилишта. За православните Македонци по Христовиот гроб во Ерусалим, најголемо светилиште е гробот на свети Наум, којшто се ноѓа во истоимениот манастир на Белото Езеро крај Охрид.)*

традиционално почитување кон одреденото светиште, како на пример, славата на денот (патронот) на националното или локалното светилиште; запознавање изворно со корените на сопствената верска заедница што посебно се однесува на луѓе што живеат во други религиски средини, па се враќаат во матичната земја (во татковината) за да ја запознаат сопствената вера, јазик, култура, традицијата, и секако обичаите на своите татковци.

Спред претставници на Министерството за култура опфатени со интервјуто, верските манифестации што ги организира МПЦ-ОА се однесуваат на обележувањето на патроните празници на светилиштата со свечени литургии и организирани масовни народни собири. Во насока на афирмација и покривање на овој аспект од религискиот туризам треба да се изработи календар со организираните верски прослави поврзани со одредени свети места во Република Македонија.

Испитаниците кои се дел од заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, во врска со оваа тема сметаат дека, верските манифестации имаат голем придонес за развој на религискиот туризам, но тука повторно се поставува прашањето за поврзаноста на повеќето фактори. Имено поголем би бил бројот на посетители доколку и инфраструктурата и маркетингот би биле подобро развиени. Според други испитаници, сакралните места, гробовите на светителите, религиозните храмови, манастирите, култните места од секогаш биле посетувани од страна на посетителите кои и самите пројавуваат интерес за разгледување на истите. Нивната желба е да научат повеќе за нашата вера, традиции и обичаи кои им се особено интересни.

Во секој град од нашата држава постојат вакви локации и тие се неминовен дел за разгледување. Одговорот ќе биде дека таа посета придонесува многу за развојот на религискиот туризам. Според еден од испитаниците пак, ваква форма на верски манифестации во Македонија, барем засега не постои. Има ретки обиди да се организираат патувања во странство, најчесто Грција и Романија, со цел да се посетат познати црковни средишта или манастири во кои се чуваат посебно вредни

реликвии, мошти на светци, чудотворни икони, ценети култни предмети. Конкретно во Македонија, оваа активност е сведена на ретки индивидуални организации од страна на група поклоници кои за време на викенди или верски празници се самоорганизират и посетуваат одредени цркви и манастири. Засега МПЦ не презема активности за популаризација на овој тип религиски туризам и не го препознава интересот, но и потенцијалот за приближување на верникот кон овој изворен и непосреден начин на посета на светите места.

Целната група која ги опфати монасите и монахињите на МПЦ-ОА, за потребите на ова интервју, а во врска со ова прашање сметаат дека пројавата на соборниот аскетско-евхаристички живот во црквата во Македонија е нејзин идентитет и обележје што ја легитимира пред светот. Како другите ќе го воспpriемат ова црковно обележје зависи од нивната отвореност за другиот и различниот. Според еден од соговорниците, благодарствениот етос на соборноста кој дише во Црквата никогаш немал предизвик да придонесува кон развојот на одредени политички или економски гранки.

Поклоничките патувања организирани од МПЦ-ОА се израз на нејзината идентитетска реалност или пак, правење на атракција од светињата. Непрепознавање на светињата е всушност погрешен избор за патување. Според другите исиптаници, секоја црква и манастир си има свој патрон кого го слави. Црквата слави само три родендени: Рождество на Исус Христос, Рождество на Богородица и Рождество на св. Јован Крстител. Сите други денови се денови на маченици и светители и се слави денот на нивната смрт. Некои светители имаат по 2 празника кои се чествуваат. Кога се празнуваат овие празници тогаш храмовите се преполни со луѓе.

Претставниците на Факултетот за туризам, сметаат дека е тоа многу малку (освен фрлањето на крстот за Водици), или се реализира најмногу за Божиќ и Велигден, делумно и за празникот Св. Кирил во Рим. Тогаш верските објекти се најпосетени од туристи.

Значи испитаниците од оваа целна група се единствени во својот став по ова прашање, а тоа дека верските манифестации (организирани од страна ка МПЦ-ОА) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) многу малку придонесуваат за развојот на религискиот туризам. Тоа се случува најчесто или единствено за некои поголеми верски празници или кога има патрон на црквата или манастирот.

7. **Колку културните манифестации (организирани од страна на Министерството за култура) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) придонесуваат за развојот на религискиот туризам?**

Во врска со културните манифестации организирани од страна на Министерството за култура поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) придонесуваат за развојот на религискиот туризам, секоја целна група си има свој став.

Претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, опфатени во ова интервју, според своите размислувања, сметаат дека спојот на религијата и културата секогаш давал оптимални резултати. Всушност, познато е дека најголемиот дел од културното богатство во Македонија е религиозно, па така и во случајов, придонесот е значаен, но остава простор и да биде надополнет.

Според претставниците на Богословскиот факултет, во Република Македонија почнуваат поинтензивно да се реализираат определени културни активности (манифестации) кои се врзани за одредени христијански празници и секако тоа би можело да придонесе за развојот на религискиот туризам во Република Македонија.

Испитаниците кои беа опфатени како претставници на Министерството за култура, сметаат дека културните манифестации организирани во соработка со МПЦ-ОА во голема мера придонесуваат во развојот на религискиот туризам. Но исто

така многу активности кои се поддржани од страна на Министерството за култура се организираат токму во рамките на повеќе верски објекти.

Претставниците на заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, во врска со ова прашање истакнуваат дека, голем е придонесот и на културните манифестации, како и на верските. Но за поголема посетеност и подобар развој на религискиот туризам, потребни се подобри маркетиншки и инфраструктурни услови кои многу би придонеле за тоа. Секој организиран настан кој е поврзан со посета на ваквите сакрални места е позитивно пречекан не само од страна на посетителите кои доаѓаат во нашата држава во посета туку и од самите граѓани на Македонија кои имаат голем интерес да ги посетат тие места коишто до сега не ги посетиле. Ваквиот вид организирање е секогаш добредојден.

Исто така еден од соговорниците истакна дека оваа форма на популаризација на религискиот туризам низ културни настани и културни установи кои се насочени кон одредени верски објекти во секој случај се корисни, но и недоволни, од причина што Министерството за култура, може да иницира, да поттикне и да даде форма и концепција на нештата, но суштината и основната презентација треба да биде осмислена, прилагодена кон потребите на посетителите кои секако сакаат да ползуваат и духовни вредности. Тоа може да го оствари низ еден заеднички, партнерски однос и соработка со МПЦ, и со монаштвото во активните манастири и цркви.

Монасите и монахињите на МПЦ-ОА, кои беа дел од ова интервју сметаат дека, Министерството за култура, во рамките на своите законски можности, во дослух со МПЦ-ОА треба континуирано да ја покаже својата грижа за сите оние верски пунктови кои имаат статус на споменик на култура. Треба да се грижи за заштита и зачувување на автентичноста на духовното, културното и националното наследство во нашата татковина. Всушност, културата без љубов е мртва. И од сите нас зависи, доколку се чувствуваме наследници на традицијата и верата, дали сме наследници само на ѕидовите, објектите и украсите? Или пак ќе го препознаеме и

црковниот код кој архетипски е вграден во нив. Дали нашата душа ќе ја препознае светињата како светиња.

Претставниците на Факултетот за туризам, не се запознанени или многу малку се запознаени со културните манифестации (организирани од страна на Министерството за култура) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води). Освен концерти во Света Софија за време на Охридско лето не слушнале за други, или пак се со став дека таквите настани имаат моментален ефект за посета на туристи што не се поврзани со религискиот туризам.

**8. Каков е односот на Министерството за култура на Република Македонија кон религискиот туризам?**

Во врска со прашањето за тоа каков е однос на Министерството за култура кон религискиот туризам, претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА се единствени во тој став и сметаат дека е тој однос пред сѐ позитивен.

Исто така и претставниците на Богословскиот факултет кои беа опфатени со интервјуто во врска со односот на Министерството за култура кон религискиот туризам, иако не се целосно запознаени докрај, сепак сметаат дека од страна на Министерството, се преземаат активности во насока на подобрување на религискиот туризам во Република Македонија, особено во последните години имајќи ги предвид пред сѐ, обновата на конаците на опожарените манастири, со цел да се помогне во враќањето на функцијата на истите и сл.

Претставниците на Министерството за култура, сметаат дека, Министерството за култура согласно со Законот за заштита на културното наследство и во рамките на својата Годишна програма за работа преку своите надлежни установи (заводите за заштита на спомениците на културата и музеите) континуирано посветува големо внимание на афирмацијата на сакралните објекти како културно-историски вредности во Република Македонија особено преку заложбите за нивна непосредна

заштита, адекватен третман во рамките на светското културно наследство, нивна популаризација и ревитализација. Во изминатиот период беа спроведени голем број археолошки ископувања низ целата држава и беа пронајдени вредни артефакти кои беа презентирани пред јавноста. Со соодветни конзерваторски третман беше опфатен голем фонд на недвижни споменици на културата (цркви, манастири, фрескоживописи, икони, иконостаси, стара архитектура, тврдини и многу други движни и недвижни културни добра од различен вид и период на настанување), културно наследство низ кое се огледуваат историскиот и културниот континуитет на нашите простори.

Исто така особено во последните неколку години, еден од приоритетите на Министерството за култура се многу проекти и активностите за заштита на културното наследство, за конзервација и реставрација на сакралното и профаното културно наследство. Исто така особено се истакнуваат и проектите кои опфаќаат и реконструкција на опожарените конаци на манастирските комплекси во Трескавец и Бигорски, реконструкција на владичкиот и монашкиот конак во Зрзе, темелна реконструкција на источниот конак во „Св. Архангел Михаил“ во Варош, конзерваторски интервенции на стариот конак на манстирот „Св. Архангел“ во с. Кучевиште, проект за конзерваторско-реставраторски работи на стариот конак во „Св. Никола“ во с. Љубанци и многу други. Сиве овие заложби претставуваат значајна компонента во развојот на религискиот туризам врз основа на културно-историските аспекти на Црквата и црковната организација во Република Македонија и многу други. Исто така, сакам да информирам дека Министерството за култура, по барање на Синодот на МПЦ, одобри средства за конзервација на 20-ина икони, кои од страна на стручните лица од областа на заштитата на културното наследство беа посочени како најзагрозени. По нивната конзервација, овие вредни икони ќе бидат изложени во црковните ризници и музеи.

Претставниците на заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, исто така истакнуваат дека, Министерството за култура вложува во развој на религискиот туризам. Тоа го прави преку поддршка на реализација на проекти за конзервација и ревитализација на значајно културно наследство.

Всушност, понудените предлог-програми и проекти за развојот на ваквиот вид туризам даваат до знаење дека, Министерството за култура е секогаш отворено за соработка со луѓето кои би сакале повеќе да придонесат во развојот на овој вид туризам.

Монасите и монахињите на МПЦ-ОА, за односот на Министерството за култура на Р. Македонија кон религискиот туризам сметаат дека е афирмативен. Всушност, Министерството за култура како институција има капацитет да ги посочи местата за туризам и нивниот развој и согласно со своите надлежности да даде свој придонес за развој на овој вид туризам.

Испитаниците од Факултетот за туризам, во врска со односот на Министерството за култура на Република Македонија кон религискиот туризам немаат сознание, или пак сметаат дека Министерството за култура нема ингеренции туку дека ингеренциите се исклучиво на МПЦ, која треба да ја има клучната улога во развојот на религискиот туризам.

### 9. Каков е придонесот на Заводот за заштита на спомениците на културата на Република Македонија за развојот на религискиот туризам?

Претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, и претставниците на Богословскиот факултет се единствени и сметаат дека придонесот на заводите за заштита на спомениците на културата и музеи на Република Македонија за развојот на религискиот туризам е особено голем и функционален особено имајќи предвид дека овие институции придонесуваат да се спасат од целосно распаѓање многу цркви и манастири во Република Македонија.

Претставниците на Министерството за култура сметаат исто така дека придонесот на заводите за заштита на спомениците на културата на Република Македонија за развојот на религискиот туризам е особено голем имајќи предвид дека основната функција на заводите за заштита на спомениците на културата во

Република Македонија е валоризација и ревалоризација на културните добра, нивната непосредна заштита и промоција. Црковните објекти со статус на споменик на културата како значајна категорија од оваа област добиваат соодветен континуиран третман од заводите, во согласност со своите надлежнсти и со финансиска поддршка на Министерството за култура. Истовремено, со изработка на проекти за санација, реставрација и ревитализација на манастирските комплекси и нивна реализација тие имаат значаен удел во областа на развојот на манастирскиот туризам како дел од религиозната туристичка понуда на Република Македонија. Непосредната соработка на заводите за заштита на спомениците на културата и музеите од една страна и Туристичката комора на Република Македонија, туристичката организација и агенциите од друга страна би значела сериозен исчекор напред во афирмацијата на културното наследство, културниот и религискиот туризам.

Исто така претставниците од заводите за заштита на споменици на културата и музеи сметаат дека нивната улога во развојот на религискиот туризам е особено голема. Таа се манифестира преку реализација на проекти на конзервација и ревитализација на црковни комплекси, фрескоживопис. Со оглед на тоа што повеќето знаменитости во секој град од нашата држава се наоѓаат под заштита од овие институции како културно наследство и поседуваат стручни лица кои сеопфатно знаат податоци за секој објект, токму истите имаат огромен придонес за развојот на ваквиот вид туризам, освен заштитата која ја пружаат, истите  ја презентираат и историјата на јавноста.

Според еден од испитаниците од оваа целна група, не треба да се занемари и фактот дека заводите за заштита на спомениците на културата, гледано низ нивните програмски активности имаат голем удел, но не можат многу да придонесат во развој и афирмација на овој тип туризам. Нивната дејност пред сè е насочена во сферата на заштита и конзервација на културно-историските споменици и нивна научна и стручна презентација. Кон средината на деведесетите години на минатиот век, со закон, на верските заедници им се вратија во сопственост верските објекти, објективно на некој начин на заводите во голема мера им се лимитираа можностите

поактивно да се инволвираат во изготвување и промовирање на програми и концепции за практикување и развој на религискиот туризам.

Претставниците на монасите и монахињите на МПЦ-ОА, сметаат дека со заштитата на духовното културно наследство придонесот на заводите за заштита на спомениците на културата на Република Македонија за развојот на религискиот туризам е огромен, особено заради тоа што, заводите, го поттикнуваат поклоникот на верските содржини како да ги чува и да ги негува истите. Грижата и заштитата на спомениците на културата од страна на државата и на црквата позитивно влијае и на односот кон истите и од страна на граѓаните.

Претставниците на Факултетот за туризам кои се опфатени со интервјуто, сметаат дека заводите за заштита на спомениците на културата немаат ингеренции за развој на религискиот туризам, туку дека тоа право го има МПЦ која раководи со нив. Доколку пак заводите за заштита на спомениците на културата имаат свој придонес, тој е многу мал.

### 10. Колку културните манифестации (организирани од страна на градоначалниците на општините) поврзани со одредени свети места придонесуваат за развојот на религискиот туризам?

Во врска со прашањето кое беше составен дел од интервјуто за културните манифестации (организирани од страна на градоначалниците на општините) поврзани со одредени свети места и нивниот придонес за развојот на религискиот туризам, претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, сметаат дека делумно можат да придонесат за развој на религискиот туризам. Претставниците на Богословскиот факултет сметаат дека има најави и веќе се практикуваат одредени активности од страна на градоначалниците на одредени општини. Во таа насока преку организирање на културни манифестации поврзани со одредени свети места, градоначалниците, можат да го подобрат развојот на религискиот туризам во општините.

Исто така и претставниците на Министерството за култура сметаат дека општините можат да бидат активни промотори на религискиот туризам со организирање на случувања по повод традиционалните религиозни празнувања кои ги афирмираат спецификите на одредениот микрорегион, најчесто преку организирање на повеќе културни настани одбележувајќи го патронот на својот град и сл.

Лицата што беа опфатени во интервјуто од заводите за заштита на спомениците на културата и музеи сметаат дека во организацијата на ваков тип културно-религиозни манифестации градоначалниците и локалната самоуправа можат да бидат големи промотори и поддржувачи. Тоа значи дека имаат значаен придонес во развој на религискиот туризам и, кога би биле во поголем број би имало уште поголема основа за развој на овој вид туризам. Но сепак, тоа сѐ уште не е доволно застапено, можеби и од недоволната соработка и координација со МПЦ која би требало да учествува во поддржување, па и организација на вакви настани. Како непосреден учесник и организатор на една ваква манифестација на пример, Струшката ордија во чест на св. Георги е со извонредни ефекти кај верниците кои секоја година сѐ помасовно се присутни во Струга (од неколку стотина до пред четири години до неколку илјади во последните две години).

Монасите и монахињите на МПЦ-ОА, сметаат дека локалните самоуправи треба да овозможат стабилна инфраструктурна платформа за посетителите и во рамките на своите можности и законски рамки, да понудат и да реализираат инфраструктурни решенија, со што на луѓето би им се олеснил пристапот до одредени духовни центри.

Претставниците на Факултетот за туризам сметаат дека градоначалниците немаат доволно спознание за овој вид туризам за да можат да организираат ваков тип манифестации. Заради тоа малку придонесуваат, или пак според еден од иситаниците кој не е запознаен со организирање на културните манифестации од страна на градоначалниците на општините поврзани со одредени свети места малку придонесуваат за развојот на религискиот туризам, но, секако со поголем ангажман

би можеле многу да придонесат за развој на ваков вид туризам кој би бил од особено значење за општината, па и за МПЦ.

### 11. Колку Туристичката комора на Република Македонија вложува во афирмацијата на религискиот туризам?

На претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА и на Богословскиот факултет опфатени со ова интервју не им е познато колку Туристичката комора на Република Македонија вложува во афирмацијата на религискиот туризам

Претставниците на Министерството за култура истакнуваат дека треба да се направат поголеми заложби за афирмација на оваа гранка од туризмот, особено вклучувајќи ги сите оние што преку своите активности и надлежности ќе дадат свој придонес во спојувањето на ланецот со цел да се добие една целина за овозможување и подигање на едно достојно ниво за развојот на религискиот туризам, од кој ќе имаат бенефит сите.

Интервјуираните претставници од заводите за заштита на спомениците на културата и музеите, во врска со ова прашање, сметаат дека е значајно колку Туристичката комора на Република Македонија вложува во афирмацијата на религискиот туризам, особено преку промоција на Република Македонија преку одржување саеми на кои ќе се презентира нашето културно наследство и сл. Со оглед на тоа што целите на Туристичката комора на Република Македонија е да се помогне, поттикне, заштити сè што е во интерес на развивањето на туризмот во Македонија, несомнено е дека постои и нивно вложување во афирмацијата на религискиот туризам. Сето тоа се случува со учество во водење на национален маркетинг, рекламирање на туристичкиот пазар, ажурирани податоци за актуелната состојба и перспектива на туристичката индустрија. Но сепак сево ова во рамките на нејзиното дејствување е недоволно, без реални согледувања во можниот потенцијал.

Монасите и монахињите на МПЦ-ОА, во врска со ова прашање, не се доволно запознаени, ниту пак се доволно информирани. Исто така и испитаниците од Факултетот за туризам не се запознаени со активностите на Туристичката комора во однос на афирмацијата на религискиот туризам или пак сметаат дека не се вложува доволно за развојот и промовирањето на овој вид туризам.

## 12. Колку се туристичките агенции заинтересирани за аранжмани поврзани со религискиот туризам во Република Македонија?

Претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА сметаат дека е недоволно колку се туристичките агенции заинтересирани за аранжмани поврзани со религискиот туризам во Република Македонија.

Испитаниците од Богословскиот факултет истакнуваат дека само неколку агенции (приватни се разбира) го практикуваат религискиот туризам во Република Македонија и надвор од нашава земја. Но, сепак сметаат дека тоа воопшто не е доволно, дека е потребно навистина поголем ангажман и поголеми активности во врска со развивањето и актуелизирањето на ова прашање.

Претставниците од Министерството за култура сметаат дека религискиот туризам во Република Македонија би требало да е во подем. Имено, би требало туристичките организации и агенции во координација со Туристичката комора и останатите релевантни државни, општествени и религиозни чинители да придонесат во афирмација и промоција на овој туристички сегмент, особено имајќи ги предвид многубројните сакрални објекти на територијата на Република Македонија, како во поголемите така и во помалите општини, посебно тоа што сите имаат своја приказна и значење.

Според вклучените претставници од заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, во Република Македонија многу мал дел од туристичките агенциии нудат аранжмани поврзани со религискиот туризам. Всушност, постојат агенции што го овозможуваат ваквиот вид посета на знаменитости кои потпаѓаат под

овој вид туризам. Инаку, многу зависи од групата туристи колку таа има желба за посета на ваквите места, но и од она што се нуди и како се нуди да се посети. Сепак, и тој маркетинг кој постои не е доволен и треба да биде на повисоко ниво. Тоа би придонело да се зголеми и интересот и бројката на посетители во нашата земја. Исто така кај оваа целна група постоеше и мислење дека, за жал, постојните туристички агенции скоро воопшто не се интересираат за пласирање на понуди поврзани со религискиот туризам во Македонија. Со оглед на значењето, потребно е формирање агенција, која ќе го промовира и ќе го презентира исклучиво само религискиот туризам во туристичката понуда.

Монасите и монахињите на МПЦ-ОА, кои ја претставуваа оваа група испитаници, не се доволно запознаени со активностите на туристичките агенции, но сметаат дека нивна професионална обврска е да ги следат желбите на луѓето, истовремено и самите да покажат почит кон она што го презентираат.

Еден од испитаниците во врска со ова прашање смета дека сѐ повеќе туристичките агенции почнуваат да се наметнуваат со свои активности, на почетокот помалку подготвени со свои водичи, но во последните неколку години нивните активности се поорганизирани. На оваа проблематика би требало уште да се поработи со цел организирањето на турите да биде навистина исполнето и комплетно, со цел задоволување на потребите и мотивот на туристите.

Претстатвниците на Факултетот за туризам или не се запознаени, или недоволно се запознаени, или пак дел од нив сметаат дека, доколку туристичките агенции преферираат ваков вид туризам, потребно е да го спроведат заедно со другите форми на туризам.

### 13. Колку добро осмислениот маркетинг од страна на државата го овозможува развојот на религискиот туризам?

Претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА сметаат дека постои простор за продлабочување на замислата, всушност дека особено треба да се

размислува во оваа насока. Исто така и лицата од Богословскиот факултет кои беа опфатени со интервјуто сметаат дека е маркетингот многу битен фактор во развојот на туризмот, па и на религискиот туризам. Државата преку маркетингот особено може да го забрза развојот на религискиот туризам во Република Македонија.

И претставниците на Министерството за култура се единствени во ставот дека издржаната маркетиншка понуда и промоција во голема мера придонесуваат во етаблирањето, развојот и афирмацијата на религискиот туризам во туристичката понуда на Република Македонија. Преку добро осмислениот маркетинг ќе се овозможи запознавање и информирање за одредени дестинации кои би било значајно да се посетат, а со тоа ќе се придонесе за поголема масовност и развој на овој вид туризам.

Лицата што се вработени во заводите за заштита на спомениците на клултурата и музеи исто така се единствени во ставот дека инфраструктурата и маркетингот се компонентите на кои треба да им се обрне посебно внимание. Имено, туристичкиот производ го имаме, Македонија се вбројува во земја со голем потенцијал за развој на религискиот туризам, но маркетингот би требало да се насочи кон реална евалуација на потребите и желбите на целиот пазар, изградба на потребната генерална техничка инфраструктура и професионална услуга и промоција. Всушност, несомнено токму тој маркетинг е најбитниот фактор за развојот на овој вид религиски туризам. Добро осмислената и прифатлива понуда е онаа што ги привлекува туристите.

Но, сепак, не само државата туку пред сè и верските заедници во Македонија треба да го потикнуваат овој вид туризам и да промовираат начини и стратегии кои во соработка со државата би воделе кон промоција и јасна профилираност што е тоа религиски туризам, кои се потенцијалите и придобивките.

Улогата на добро осмислениот маркетинг од страна на државата го овозможува развојот на религискиот туризам, а монасите и монахињите на МПЦ-ОА примат му даваат на маркетингот кој е силна алатка што треба да се исползува за општо добро бидејќи тој има клучна улога во развојот на туризмот. Впрочем,

маркетингот е особено важен и клучен развоен елемент за развој на религискиот туризам. Претставниците на Факултетот за туризам сметаат дека тоа би требало пред сè да биде дел од туристичките понуди на саемите за туризам, дека добро осмислениот маркетинг е добар услов за развој на религискиот туризам, но кај нас не е доволно развиен. Може многу да се придонесе доколку се овозможи негово развивање и особено е важно да се размислува во насока на развивање на маркетингот, но секако пред сè и не само преку државата.

### 14. Колку државата преку своите надлежни институции финансиски вложува во афирмација и развој на религискиот туризам?

Претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА и претставниците на Богословскиот факултет, сметаат дека се прават обиди на државно ниво, но не се доволно запознаени до каде се стасало. Искажувајќи ги своите размислувања нагласуваат дека државата најмногу може да придонесе во тој правец особено преку подобрување на инфраструктурата во државата: правење патишта до светилиштата (примерот со Трескавец), патокази, санитарии и сл.

Исто така и претставниците на Министерството за култура сметаат дека државните институции во согласност со своите надлежности можат да бидат активни чинители во креирањето на политиката за развојот и целосната афирмација на религискиот туризам. Особено, во последните неколку години преку зголемени активности на своите надлежни институции во насока на поттикнување, афирмација и развој на овој вид туризам, се забележува особено голем интерес на државата.

И лицата од заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, во врска со ова прашање, сметаат дека треба да се вложува повеќе, а особено е важно да се вложат напори во изработка на национална стратегија за развој на овој вид туризам, со оглед на тоа што Македонија има најголем предуслов од земјите во регионот за развој на религискиот туризам.

Според, монасите и монахињите на МПЦ-ОА, од големо значење е вложувањето на државата во развојот на ваков вид туризам секако според можностите и надлежностите што ги има таа. Од особено значење е и не може да се занемари фактот дека во последните години државата вложува многу повеќе отколку во претходниот период.

Претставниците на Факултетот за туризам, во врска со тоа, колку државата преку своите надлежни институции финансиски вложува во афирмацијата и развојот на религискиот туризам, имаат поделено мислење. Според едни испитаници државата многу малку вложува, според други дека не вложува или пак дека државата не е должна да вложува во религиски туризам.

**15. Според Вас, кои се пресудните фактори што влијаат врз развојот на религискиот туризам во Република Македонија?**

Според претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, пресудните фактори што влијаат врз развојот на религискиот туризам во Република Македонија се афирмацијата и организацијата. Преку добра афирмација и организација ќе се овозможи поголем развој на овој вид туризам.

Претставниците на Богословскиот факултет, нагласуваат дека државата, МПЦ, туристичките здруженија и асоцијации, верниците во Република Македонија претставуваат најголем фактор преку кој ќе се овозможи развој на религискиот туризам, но некој мора да ги организира, да ги заинтересира и да ги придвижи.

Испитаниците од Министерството за култура опфатени во ова интервју, истакнуваат дека пресудните фактори што влијаат врз развојот на религискиот туризам се: организација на сместувачки капацитети и адекватна инфраструктура, издржан туристичко-промотивен маркетинг, туристички информатор со мапа на светилишта и организирани случувања.

Претставниците на заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, истакнуваат дека е потребно да се подобри инфраструктурата, бидејќи голем дел од

атрактивните локации, светилишта, цркви итн. се наоѓаат во планински предели, буквално отсечени. Да се опфатат сите капацитети што се подготвени за понуда и да се понудат во една групација преку печатени и Интернет-медиуми. Важна улога во промоција на Македонија и конкретно на религискиот туризам имаат и туристичките агенции, а многу мал дел од нив го нудат овој тип туризам. Првенствено, станува збор за локалната религија, религиските манифестации, верските објекти и за сè она што би можело да го побуди интересот на посетителот за да дојде во посета на истите. Тоа е еден од клучните фактори - доволно добра организирана понуда која ќе биде прифатлива за нив. Тоа подразбира добар маркетинг на таа понуда и рекламирањето на тој туристички пазар - повеќе интерес од самите агенции во државата за формирање на таква понуда.

Богатството на изворната традиција е поврзана со голем број црковни и манстирски комплекси кои се од светско културно-историско значење. Светите места и светилишта, икони и фрескоживописи од највисока вредност,обновениот манастирски живот во повеќе стари црковни средишта одиграле голема улога во враќање и оживување на старите вековни традиции на поклоништво и приложништво. Во врска со пресудните фактори што влијаат врз развојот на религискиот туризам во Република Македонија, монасите и монахињите од МПЦ-ОА изнесоа свои ставови. Еден од испитаниците се обиде да направи дистинкција меѓу термините поклонение и религиски туризам. Поклонението, иако е традиционално обележје на христијанскиот етос, во Македонија е спонтано, стихијно и недоволно организирано и водено е според личниот пристап на верникот. Религискиот туризам, исто така, е во зародиш, но и е феномен кој допрва ќе се случува на нашите простори. Што се однесува за македонските манастири на Меѓународната конференција во Охрид 2000 година предложен е атонскиот светогорски модел на гостоприемливост на македонските манастири. Всушност, ако во непосредна близина на манастирскиот комплекс се изградат гостоприемници со прифатлив стандард за прием на посетителите и тие се вклучат во секојдневната програма што постои во секој манастир, не нарушувајќи го манастирскиот типик, веќе има соодветно решение за поставениот проблем. Сепак, остануваат дополнително неразјаснети прашања: околу времето на посетата, бројот на посетителите, нивната

подготвеност да го почитуваат типикот и правилата на манастирот. Секако, потребно е разбирање и симфонија меѓу двете страни.

Според другите испитаници, мора да се дефинираат терминологијата, начинот, улогата и одговорноста на институциите при промовирањето на поклоничките патувања. Постојат примери и модели коишто се соочиле со оваа проблематика и нудат солидни решенија. Понатаму исто така, значајни се и свесноста, едуцираноста и воспитувањето во зрелост за она што го имаме, како го ползуваме и што нудиме.

Исто така се нагласи и дека од особено значење се и подобрувањето на условите и инфраструктурата на светилиштата заради развој на општеството; црквата да има свој телевизиски канал преку кој ќе има поголема промоција; да се изучува веронаука; црквите и манастирите да имаат просторни услови за да можат туристите да следат литургија. Ова би можело да се реализира во соработка на црквата со Богословскиот факултет, со историчарите на уметност, со цел да се создадат услови за создавање еден вид музеи со експонати во кои би се прикажало сè она што би можело да привлече повеќе туристи.

За претставниците на Факултетот за туризам, од особено значење се промовирање на значајни верски објекти како и разни форми на едукација - семинари, конгреси, размена на искуства со земји што знаат тоа професионално да го прават. Остварувајќи го тоа, би можело да се овозможи добар приход, односно да се воспостави стратегиски пристап и синергија на сите заинтересирани страни (општеството, граѓанските организации, црквата и сл.) или пак, дури и реформа на МПЦ.

**Заклучни согледувања**

Она што е од посебно значење за секое истражување и за секој научен труд вклучувајќи го и овој, секако е потврдувањето и оправдувањето на предметот, целите и задачите со кои се определија методите и техниките на истражувањето: примарна техника беше интервјуто, надополнето со методот на компаративна анализа. Анализата на одговорите на поставените прашања и дилеми за влијанието на социолошките аспекти врз религискиот туризам имплицираат дека е постигната основната цел на истражувањето.

Одговорите на испитаниците јасно ги дефинираа и оправдаа поставените цели кои со истражувањето се обидоа да го докажат фактот дека религијата, како составен дел на културата содржи во себе значајни ресурси кои се во функција на развојот и афирмирањето на туризмот во Република Македонија. Тоа пак од своја страна е многу погодна форма преку која можат да се афирмираат вредностите на сакралните објекти, а со тоа и вредностите на културните и религиозните традиции во Република Македонија. Истражувањето имаше за цел да ги открие државните и црковните механизми и ресурси преку кои ќе се афирмираат религиските сакрални објекти како своевидни обрасци на религиските и културните традиции на Република Македонија

Врз основа на анализата на добиените одговори на поставените прашања за социолошките аспекти за развојот на религискиот туризам во Република Македонија, за претставниците на *Синодот и свештенството на МПЦ-ОА,* ходочастието (аџилакот) како дел од ритуалниот елемент на религијата т.е. поклонението, отсекогаш бил значаен сегмент во традицијата на православното христијанство. Исто така тие сметаат дека доктринарниот елемент на религијата односно, познавањето на сопствената вера е значајна во повеќе области на христијанското живеење на верникот, а секако и на религискиот туризам. Во однос на психолошко-емоционалниот елемент на религијата (верувањето дека на светите места е можно исцелување од болести) како значаен за развој на религискиот туризам, според одговорите на претставниците на синодот и свештенството на МПЦ-ОА, се нагласува најповеќе желбата на верниците за чудотворно исцеление. Всушност сметаат дека

не може да се говори за никаков туризам, туку за девалвирање на религиозното чувтство и достоинство.

Исто така во врска со односот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија кон религискиот туризам, сметаат дека посетувањето на светите места никогаш не се сметале како туризам, но сепак потребно е да постојат услови за посета на светите места. Понатаму, претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, во врска со односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ-ОА кон религискиот туризам, истакнуваат, дека тоа зависи од пристапот и функционирањето на секој манастир одделно, односно од повеќе фактори: важноста, достапноста, пристапноста, некаде само се посетуваат манастирските цркви, додека, некаде посетителите имаат можност да учествуваат во манастирскиот ден со престој во манастирот, придржувајќи се до манастирскиот типик. Од особено значење беше и нивниот став околу организирање верски манифестации од страна на МПЦ-ОА, поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) и нивниот придонес во развојот на религискиот туризам. Претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА опфатени со интервјуто, сметаат дека придонесот сигурно постои, но само како колатерална придобивка. Поводот и целта секогаш биле исклучиво поврзани со почитта кон определен светител или празник.

Во врска со тоа, колку културните манифестации организирани од страна на Министерството за култура поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) придонесуваат за развојот на религискиот туризам, претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, кои беа опфатени во ова интервју според своите размислувања, сметаат дека спојот на религијата и културата секогаш давал оптимални резултати. Всушност познато е дека најголемиот дел од културното богатство во Македонија е религиозно, па така и во случајов, придонесот е значаен, но остава простор и да биде надополнет. Исто така во врска со односот на Министерството за култура кон религискиот туризам, претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА се единствени во ставот дека е тој однос пред сè

позитивен. Единствени се и во ставот дека, придонесот на заводите за заштита на спомениците на културата и музеите во Република Македонија за развојот на религискиот туризам е голем и функционален особено имајќи предвид дека овие институции придонесоа да се спасат од целосно распаѓање многу цркви и манастири во Република Македонија.

Организирањето на културните манифестации поврзани со одредени свети места од страна на градоначалниците на општините, претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА сметаат дека делумно можат да придонесат за развој на религискиот туризам. Тие не се информирани за улогата и ангажираноста на Туристичката комора на Република Македонија во однос на тоа колку вложува во афирмацијата на религискиот туризам, но сметаат дека не е доволна заинтересираноста на туристичките агенции за поголеми аранжмани кои би биле поврзани со религискиот туризам во Република Македонија. Исто така сметаат и дека треба особено да се размислува во насока за добро осмислен маркетинг од страна на државата бидејќи тоа ќе придонесе за развој на религискиот туризам. Искажувајќи ги своите размислувања, нагласуваат дека државата преку своите надлежни институции, најмногу може да придонесе во афирмација и развој на религискиот туризам, особено преку подобрување на инфрастуктурата во државата: правење патишта до светилиштата, патокази, санитарии и сл.

Претставниците на Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, на крајот сметат дека пресудни фактори, кои влијаат врз развојот на религискиот туризам во Република Македонија, се пред сè афирмирацијата и организацијата. Преку добра афирмација и организација ќе се овозможи поголем развој на овој вид туризам

Врз основа на анализата што беше направена на одговорените прашања од страна на претставниците на *Богословскиот факултет,* можат да се констатираат и заклучните согледувања, а со тоа и ставот на оваа испитаничка група во однос на социолошките аспекти за развојот на туризмот во Република Македонија. Така, нивниот став за ходочастието (аџилакот), како дел од ритуалниот елемент на религијата (поклонение на светителите) за развојот на религискиот туризам во Република Македонија, е дека е значаен, односно дека е позитивен пример во

земјава, особено со посетата и престојот во неколку манастири, бидејќи со обновените конаци нудат најповолни услови за престој на гости. Исто така тие нагласуваат дека доктринарниот елемент на религијата (познавањето на теолошката вистина) има одлучувачки фактор за развојот на религискиот туризам, како и дека особено е значаен психолошко-емоционалниот елемент на религијата (верувањето дека на светите места е можно исцелување од болести) за развој на религискиот туризам во Република Македонија, особено што тоа претставува комплексна психичка состојба - психолошки конструкт во кој постојат мноштво компоненти, а најбитни се спознанието, чувството и активистичката мотивираност. Всушност, пред да замине на поклонение, аџијата има пред себе цел. Оди таму со љубов, вера и надеж, за да се врати променет, обновен, поинаков, здрав. Претставниците на Богословскиот факултет опфатени со интервјуто се единствени во ставот дека Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, имајќи ја предвид зголемената потреба на верниот народ од посета на манастирите и црквите на територијата на Македонија од поклонички и туристички карактер, потребно е Црквата, да формира тело коешто треба да подготви физибилити-студија за можностите за развој на овој вид туристичко-поклонички патувања.

Претставниците на Богословскиот факултет, кои учествуваа во интервјуто имаат заеднички став во врска со односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ–ОА кон религискиот туризам, всушност, манастирите во Македонија сè уште не се ставени доволно во функција на луѓето. Меѓутоа, се гради заедничка визија помеѓу компетентните лица кои би го споиле религискиот туризам со културниот и еколошкиот туризам, по примерот на многу земји во светот. Во високоразвиените европски и светски туристички центри, значајните (национални) светилишта претставуваат значаен фактор во избор на туристичката дестинација.

Придонесот на верските манифестации (организирани од страна на МПЦ-ОА) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) за развојот на религискиот туризам, испитаниците од Богословскиот факултет сметаат дека е голем, особено

имајќи ги предвид директните мотиви за поклоништво: учествување во верски свечености и празнувања (во православието тоа се посетување на храмови слави, пренос (опход) на мошти на некој светител или изнесување на реликвии); потреба за непосредна средба со конкретните свети места; традиционално почитување кон одреденото светиште, како на пример, славата на денот (патронот) на националното или локалното светилиште; запознавање изворно со корените на сопствената верска заедница што посебно се однесува на луѓе што живеат во други религиски средини, па се враќаат во матичната земја (во татковината) за да ги запознаат сопствената вера, јазик, култура, традицијата, и секако обичаите на своите татковци.

Тие понатаму сметаат дека културните манифестации (организирани од страна на Министерството за култура) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) се изразени преку културни активности (манифестации) кои се врзани за одредени христијански празници и можат да придонесат за развојот на религискиот туризам во Република Македонија. Исто така и преку организирање на културни манифестации од страна на градоначалниците поврзани со одредени свети места, може да се подобри развојот на религискиот туризам во општините.

Во врска со односот на Министерството за култура кон религискиот туризам, сметаат дека од страна на Министерството се преземаат активности во насока на подобрување на религискиот туризам во Република Македонија, особено во последните години имајќи ги предвид пред сѐ обновата на конаците на опожарените манастири, со цел да се помогне во враќањето на функцијата на истите и сл. Во однос на придонесот на заводите за заштита на спомениците на културата и музеи во Република Македонија, за развојот на религискиот туризам се единствени во ставот дека е особено голем и функционален особено имајќи предвид дека овие институции придонесуваат да се спасат од целосно распаѓање многу цркви и манастири во Република Македонија. Воопшто не се запознаени со вложувањето и афирмацијата на Туристичката комора во развојот на религискиот туризам. Во однос на заинтересираноста за аранжманите на туристичките агенции истакнуваат дека само неколку агенции (приватни се разбира) го практикуваат религискиот туризм во

Република Македонија и надвор од нашава земја и сметаат дека тоа воопшто не е доволно, дека е потребно навистина поголем ангажман и поголеми активности во врска со развивањето и актуелизирањето на ова прашање. Она што може да придонесе за развојот на религискиот туризам е маркетингот. Тој е многу битен фактор во развојот на туризмот, па и на религискиот туризам. Државата преку маркетингот особено може да го забрза развојот на религискиот туризам во Република Македонија. Исто така, искажувајќи ги своите размислувања нагласуваат дека државата најмногу може да придонесе за развојот на религискиот туризам особено преку подобрување на инфрастуктурата во државата: правење патишта до светилиштата (пример со Трескавец), патокази, санитарии и сл. Претставниците на Богословскиот факултет, нагласуваат дека државата, МПЦ, туристичките здруженија и асоцијации, верниците во Република Македонија претставуваат најголем фактор преку кој ќе се овозможи развој на религискиот туризам, но некој мора да ги организира, да ги заинтересира и да ги придвижи.

Во понатамошното излагање ќе се обрне внимание на анализата што беше направена на одговорените прашања на претставниците на *Министерството за култура.* Интервјуираните претставници од Министерството за култура, сметаат дека аџилакот како духовна потреба на верниците бил практикуван во сите епохи на историјата до денес. Тоа е своевиден вовед во практиката на религискиот туризам, ако се има предвид фактот дека самиот чин на поклонение на светиите е придружен со низа дополнителни општествени, културни и трговско-економски активности. Претставниците на Министерството за култура, кои учествуваа во интервјуто пред сè сметаат дека, во основа не треба да се инсистира на догматските елементи по секоја цена. За развојот на религискиот туризам потребна е едноставна, кратка приказна заснована на материјалните докази или легенди, тоа би била една од основите за развојот на религискиот туризам. Во врска со психолошко-емоционалниот елемент на религијата (верувањето дека на светите места е можно исцелување од болести) како значаен фактор за развој на религискиот туризам, истакнуваат дека исцелителниот аспект треба да биде вклучен во нарацијата за светото место. Исто така тие односот на Синодот на Македонската православна црква - Охридска

архиепископија кон религискиот туризам го оценуваат како позитивен доколку не се нарушуваат верските канони и стандарди. Исто така тие сметаат дека верските манифестации што ги организира МПЦ-ОА се однесуваат на обележувањето на патроните празници на светилиштата со свечени литургии и организирани масовни народни собири. Културните манифестации (организирани од страна на Министерството за култура) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) во голема мера придонесуваат во развојот на религискиот туризам. Исто така многу активности кои се поддржани од страна на Министерството за култура се организираат токму во рамките на повеќе верски објекти.

Односот на Министерството за култура на Република Македонија кон религискиот туризам, тие сметат дека е особено посветен. Согласно со Законот за заштита на културното наследство и во рамките на својата Годишна програма за работа континуирано преку своите надлежни установи (заводите за заштита на спомениците на културата и музеите) посветува големо внимание на афирмацијата на сакралните објекти како културно-историски вредности во Република Македонија. Тоа се гледа преку заложбите за нивна непосредна заштита, адекватен третман во рамките на светското културно наследство, нивна популаризација и ревитализација. Сиве овие заложби претставуваат значајна компонента во развојот на религискиот туризам врз основа на културно-историските аспекти на црквата и црковната организација во Република Македонија. Придонесот на заводите за заштита на спомениците на културата и музеи на Република Македонија за развојот на религискиот туризам е особено голем имајќи предвид дека основната функција на заводите за заштита на спомениците на културата во Република Македонија е валоризација и ревалоризација на културните добра, нивната непосредна заштита и промоција.

Претставниците на Министерството за култура сметаат дека општините можат да бидат активни промотори на религискиот туризам со организирање на случувања по повод традиционалните религиозни празнувања кои ги афирмираат спецификите на одредениот микрорегион, најчесто преку организирање на повеќе културни

настани одбележувајќи го патронот на својот град и сл. Секако дека не треба да се занемари улогата на Туристичката комора во афирмацијата и развојот на религискиот туризам. Заради тоа потребно е да се направат поголеми напори за афирмација на оваа гранка од туризмот, преку што ќе се овозможи развој на религискиот туризам, а со тоа и негово подигање на едно достојно ниво. Исто така оваа група испитаници смета дека туристичките организации и агенции во координација со релевантни државни, општествени и религиозни чинители ќе придонесат во афирмација и промоција на овој туристички сегмент, особено имајќи ги предвид многубројните сакрални објекти на територијата на Република Македонија, како во поголемите така и во помалите општини, каде секој од нив има своја приказна и значење. Исто така тие истакнуваат дека преку целосно осмислен маркетинг ќе се овозможи запознавање и информирање за одредени дестинации кои би било значајно да се посетат. Тоа придонесе поголема масовност и развој на овој вид туризам. Државните институции во согласност со своите надлежности можат да бидат активни чинители во креирањето на политиката за развојот и целосната афирмација на религискиот туризам. Особено, во последните неколку години преку зголемени активности на своите надлежни институции во насока на поттикнување, афирмација и развој на овој вид туризам, се забележува поголем интерес на државата. И на крајот, испитаниците од Министерството за култура, кои беа опфатени во ова интервју истакнуваат дека пресудните фактори кои влијаат врз развојот на религискиот туризам се: организација на сместувачки капацитети и адекватна инфраструктура, издржан туристичко-промотивен маркетинг, туристички информатор со мапа на светилишта и организирани случувања.

Направената анализа на одговорите на групата на интервјуираните претставници на заводите за заштита на спомениците на културата и музеите, ја покажа успешноста на спроведеното интервју. Според нив, ходочастието (аџилакот) како дел од ритуалниот елемент на религијата е значаен фактор за развој на религискиот туризам во Република Македонија. Ходочастието (аџилакот) е основниот и најсуштествениот дел во изразување и исполнување на религиозните чувства и сфаќања на секој вистински верник, (православен христијанин, католик или пак муслиман). Понатаму тие сметаат дека, познавањето на теолошките вистини е

значаен елемент за развој на религискиот туризам, зашто верата е пред сè духовна потреба - исцелување, исполнување и обновување и има и одредени културни и општествено-интегративни функции. Покрај разгледувањето и презентацијата на профилот на земјата која се посетува, знаменитостите во неа, владеењето на историските податоци при презентацијата на истата од големо значење е и познавањето на теолошките вистини на религијата поврзани со земјата која треба да биде посетена од таа група.

Испитаниците од заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, истакнуваа дека психолошко-емоционалниот елемент на религијата е доста значаен за развој на туризмот во Република Македонија, зашто верата како мотив од здравствени или културни мотиви е еден од најстарите облици на патување, а денес веќе прераснува и во туристички мотив. Понатаму исто така надвор од доменот на медицинската наука поставени се море од сајтови на места кои се сметаат од страна на многу луѓе како места сопособни за чудесно исцелување на болни и повредени луѓе. Некои можат да датираат од античките времиња, а некои можат да имат само стекнати навидум магични способности во модерните времиња.

Според претставниците на заводите за заштита на спомениците на културата и музеите, во врска со односот на Синодот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија кон религискиот туризам, многубројните цркви и манастири во Република Македонија, се привлечни за туристи, но сето тоа останува недоволно искористено поради некоординираноста меѓу туристичките агенции и МПЦ-ОА. За ова од особено значење би била поголемата ангажираност и активност во вклученоста на црквите и манастирите преку изработка на своја стратегија како и поврзаност со туристичките агенции. Претставниците на МПЦ-ОА би требало да се поотворени за соработка со туристичките организации.

Во врска со односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ–ОА кон религискиот туризам, лицата од заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, кои се опфатени со интервјуто имаат различни ставови. Според едни, нема потреба државата да соработува со туристичките агенции и дека на

манастирите не им треба реклама зашто тие се културно-историски споменици кои им се познати на сите луѓе. Една од причините е тоа што во манастирите не може да се развива класичен туризам, заради почитување на редот, а некои и немаат капацитет да примат поголем број туристи. Според други испитаници пак, тој однос на претставниците на монаштвото како дел од МПЦ кон религискиот туризам, би бил од голема корист за развој на ваков вид туризам. При остварениот контакт со претставниците на монаштвото како дел на МПЦ–ОА сретнувале и такви кои биле желни да ги информираат луѓето кои се интересираат за повеќе информации поврзани со религијата. Испитаниците кои се дел од заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, во врска со верските манифестации сметаат дека имаат голем придонес за развој на религискиот туризам, но засега МПЦ не презема активности за популаризација на овој тип религиски туризам и не го препознава интересот, но и потенцијалот за приближување на верникот кон овој изворен и непосреден начин на посета на светите места.

Во врска со културните манифестации (организирани од страна на Министерството за култура) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води), истакнуваат дека е голем придонесот за развојот на религискиот туризам преку организирање културни манифестации. Но за поголема посетеност и подобар развој на религискиот туризам, потребни се подобри маркетиншки и инфраструктурни услови кои многу би придонеле за тоа. Секој организиран настан кој е поврзан со посета на ваквите сакрални места е позитивно пречекан не само од страна на посетителите кои доаѓаат во нашата држава во посета туку и самите граѓани на Македонија кои имаат голем интерес да ги посетат тие места коишто до сега не ги посетиле. Ваквиот вид организирање е секогаш добредојден.

Министерството за култура вложува во развој на религискиот туризам. Тоа го прави преку поддршка на реализација на проекти за конзервација и ревитализација на значајно културно наследство. Всушност, понудените предлог- програми и проекти за развојот на ваквиот вид туризам даваат до знаење дека, Министерството за

култура е секогаш отворено за соработка со луѓето кои би сакале повеќе да придонесат во развојот на овој вид туризам.

Исто така претставниците од заводите за заштита на споменици на културата и музеи, сметаат дека нивната улога во развојот на религискиот туризам е особено голема. Таа се манифестира преку, реализација на проекти за конзервација и ревитализација на црковни комплекси, фрескоживопис. Така, гледано низ нивните програмски активности имаат голем удел, но не можат многу да придонесат во развој и афирмација на овој тип туризам. Нивната дејност пред сè е насочена во сферата на заштита и конзервација на културно-историските споменици и нивна научна и стручна презентација.

Во однос на организацијата на културно-религиозни манифестации, градоначалниците и локалната самоуправа можат да бидат големи промотори и поддржувачи. Тоа значи дека имаат значаен придонес во развој на религискиот туризам, и кога би биле во поголем број, би имало уште поголема основа за развој на овој вид туризам. Но сепак, тоа сè уште не е доволно застапено, можеби и од недоволната соработка и координација со МПЦ која би требало да постои во насока на поддржување, па и организација на вакви настани. Понатаму, претставниците на заводите за заштита на културните споменици и музеи истакнуваат дека е значајно колку Туристичката комора на Република Македонија вложува во афирмацијата на религискиот туризам, особено преку промоција на Република Македонија преку одржување саеми на кои ќе се презентира нашето културно наследство и сл. Сето тоа се случува со учество во водење на национален маркетинг, рекламирање на туристичкиот пазар, ажурирани податоци за актуелната состојба и перспектива на туристичката индустрија. Но сепак сево ова во рамките на нејзиното дејствување е недоволно, без реални согледувања во можниот потенцијал. Според, нив исто така, во Република Македонија многу мал дел од туристичките агенциии нудат аранжмани поврзани со религискиот туризам. Всушност, за жал постојните туристички агенции скоро воопшто не се интересираат за пласирање на понуди поврзани со религискиот туризам во Македонија. Сè уште не се појавила таков тип агенција, а со оглед на

значењето, потребно е формирање агенција која ќе го промовира и ќе го презентира исклучиво само религискиот туризам во туристичката понуда.

Вработени во заводите за заштита на спомениците на клултурата и музеи опфатени во интервјуто, исто така се единствени во ставот дека инфраструктурата и маректингот се компонентите на кои треба да им се обрне посебно внимание. Имено, туристичкиот производ го имаме, Македонија се вбројува во земја со голем потенцијал за развој на религискиот туризам, но маркетингот би требало да се насочи кон реална евалуација на потребите и желбите на целиот пазар, изградба на потребната генерална техничка инфраструктура и професионална услуга и промоција. Но, не само државата туку и верските заедници во Македонија треба да го поттикнуваат овој вид туризам и да промовираат начини и стратегии кои во соработка со државата би воделе кон промоција и јасна профилираност на религискиот туризам. Тие исто така сметаат дека треба да се вложува повеќе, а особено е важно да се вложат напори во изработка на национална стратегија за развој на овој вид туризам, со оглед на тоа што Македонија има најголем предуслов од земјите во регионот за развој на религискиот туризам.

Претставниците на заводите за заштита на спомениците на културата и музеи, истакнуваат дека е потребно да се подобри инфраструктурата, бидејќи голем дел од атрактивни локации, светилишта, цркви итн. се наоѓаат во планински предели, буквално отсечени. Потребно е да се опфатат сите капацитети што се подготвени за понуда и да се понудат во една групација преку печатени и Интернет-медиуми. Важна улога во промоција на Македонија и конкретно на религискиот туризам имаат и туристичките агенции, многу мал дел од нив го нудат овој тип туризам. Тука се мисли првенствено на локалната религија, религиските манифестации, верските објекти и сè она што би можело да го побуди интересот на посетителот за да дојде во посета на истите. Тоа е еден од клучните фактори - доволно добра организирана понуда која ќе биде прифатлива за нив. Тоа подразбира добар маркетинг на таа понуда и рекламирањето на тој туристички пазар; повеќе интерес од самите агенции во државата за формирање на таква понуда.

Од особено значење е и анализата која се направи на прашањата на лицата кои беа опфатени во интервјуто, кои се претставници на *монасите и монахињите на МПЦ-ОА.*

Според нив, поклонението како израз на благочестието на верниот народ, не е идентично со т.н. религиски туризам. Значи, се прави дистинкција меѓу изворно поклонение и организиран религиски туризам. Автентичниот поклоник не може да биде турист. Поклоникот, за разлика од туристот, не е анестезиран за духовните, социјалните, морално-етичките и за естетските простори на општествата низ кои се движи при своето поклоничко патување. Тој не е набљудувач, туку е учесник во историските збиднувања. Поклоникот е припадник на конкретна заедница. Тој слободно, без разлика на последиците, се идентификува како верник. Тоа не може да биде барано од туристот. Тој по дефиниција е индивидуалец. Наспроти поклонението, религискиот туризам е природна потреба на современиот човек и тука настапува организираноста на ваквиот тип туризам гледајќи пред сè на профитот како начин на просперитет. Од секогаш имало интерес за вакви посети. Во денешно време за развој на општеството се зголемува бројот на тие посетители поклоници.

Претставниците на монасите и монахињите на МПЦ-ОА, кои беа опфатени со ова интервју го изнесоа и ставот дека, доколку теолошките вистини само се познаваат, а не се живеат и не се спроведуваат во практика, самото познавање на доктрината како информација нема да влијае врз етосот на верникот. Духот и етосот на православието, православното предание како и еклисиологијата не дозволуваат Црквата да биде (зло)употребувана како средство за стекнување политичка или економска моќ. Со запознавањето на теолошките вистини се стекнува поинакво гледиште на социолошкиот аспект на религискиот туризам. Со тоа би се разграничила православната вера од религијата, поклонението од религискиот туризам, а секако би се дефинирал и културниот идентитет. Многу е значајно познавањето на теолошката вистина, посетата од поклонениците односно на туристите од внатре во земјата е особено значајна и во поголем број, но секако е важна и посетата на туристите поклоници од другите земји.

Поврзувањето на психолошко-емоционалниот елемент на религијата (верувањето дека на светите места е можно исцелување од болести) со исцелението има смисла единствено во прашањето за победата над смртта. Во така поставениот светоглед, човекот, воден од Духот минува низ психо-емоционалната патологија и ја надминува неповреден, не запаѓајќи во замките на суеверието и стигнува на изворите на чистата и автентична вера во живиот Бог. Според интервјуираните, повторно, религискиот туризам и поклонението се неспоредливи, со оглед на тоа што луѓето заради тоа што веруваат во исцелителната моќ, целта на посетата е дека со верување во бог, светителот ќе им помогне. Особено ваквите посети се најмасовни на денот на патронатот на црквите или манастирите. Претставниците на монасите и монахињите на МПЦ-ОА, во врска со односот на Синодот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија кон религискиот туризам се единствени во својот став дека САС на МПЦ-ОА го разгледува, но сè уште не се изјаснил по ова прашање.

Во врска со односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ- ОА кон религискиот туризам, монасите и монахињите на МПЦ-ОА, во врска со ова прашање се единствени во својот став. Возобновеното македонско монаштво се труди на секој посетител на македонските манастири да му излезе во пресрет, независно дали тој доаѓа како поклоник, посетител или турист.

За верските манифестации (организирани од страна ка МПЦ-ОА) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) тие сметаат дека придонесуваат за развојот на религискиот туризам. Поклоничките патувања организирани од МПЦ-ОА се израз на нејзината идентитетска реалност или пак, правење на атракција од светињата, секоја црква и манастир си има свој патрон кого го слави. Кога се празнуваат овие празници тогаш храмовите се преполни со луѓе.

Монасите и монахињите на МПЦ-ОА кои беа дел од ова интервју сметаат дека, Министерството за култура, во рамките на своите законски можности, во дослух со МПЦ-ОА, треба континуирано да ја покаже својата грижа за сите оние

верски пунктови кои имаат статус на споменик на култура. Треба да се грижи за заштита и зачувување на автентичноста на духовното, културното и националното наследство во државата. За односот на Министерството за култура на Република Македонија кон религискиот туризам сметаат дека е афирмативен, всушност, Министерството за култура како институција има капацитет да ги посочи местата за туризам и нивниот развој и, согласно со своите надлежности, да даде свој придонес за развој на овој вид туризам. Заштитата на духовното културно наследство преку придонесот на заводите за заштита на спомениците на културата на Република Македонија за развојот на религискиот туризам е огромен, особено заради тоа што, заводите, го поттикнуваат поклоникот на верските содржини како да ги чува и да ги негува истите. Грижата и заштита на спомениците на културата од страна на државата и на црквата позитивно влијае и на односот кон истите и од страна на граѓаните. Монасите и монахињите на МПЦ-ОА, сметаат дека локалните самоуправи треба да овозможат стабилна инфраструктурна платформа за посетителите и во рамките на своите можности и законски рамки, да понудат и да реализираат инфраструктурни решенија со што на луѓето би им се олеснил пристапот до одредени духовни центри. Тие не се запознаени со активностите на Туристичката комора во однос на афирмацијата на религискиот туризам или пак сметаат дека не се вложува доволно за развој и промовирање на овој вид туризам.

Монасите и монахињите на МПЦ-ОА, кои ја претставуваа оваа група испитаници, не се доволно запознаени за активностите на туристичките агенции, но сметаат дека нивна професионална обврска е да ги следат желбите на луѓето, истовремено и самите да покажат почит кон она што го презентираат.

Додека пак еден од испитаниците во врска со ова прашање смета дека сѐ повеќе туристичките агенции се наметнуваат со свои активности, на почетокот помалку подготвени со свои водичи, но во последните неколку години нивните активности се поорганизирани. Сепак на оваа проблематика би требало уште да се поработи со цел организирањето на турите да биде навистина исполнето и комплетно, со цел да се задоволат потребите и мотивот на туристите.

Во врска со улогата на добро осмислениот маркетинг од страна на државата преку кој се овозможува развој на религискиот туризам, и монасите и монахињите на МПЦ-ОА сметаат дека е тој силна алатка која треба да се исползува за општо добро, дека осмислениот маркетинг има клучна улога во развојот на туризмот. Впрочем, маркетингот е особено важен и клучен развоен елемент за развој на религискиот туризам. Монасите и монахињите на МПЦ-ОА сметаат дека е од големо значење вложувањето на државата во развојот на ваков вид туризам, секако според можностите и надлежностите што ги има таа. Од особено значење е и не може да се занемари фактот дека во последните години државата вложува многу повеќе отколку во претходниот период.

Пресудните фактори што влијаат врз развојот на религискиот туризам во Република Македонија се подобрувањето на условите и инфраструктурата на светилиштата заради развој на општеството; ова би можело да се реализира во соработка на црквата со Богословскиот факултет, историчари на уметност, со цел да се создадат услови за создавање еден вид музеи со експонати во кои би се прикажало сѐ она што би можело да привлече повеќе туристи.

При анализата на одговорите на прашањата на испитаниците од *Факултетот за туризам* се констатираше ставот и размислувањето на оваа целна група во врска со социолошките аспекти во развојот на религискиот туризам.

Претставниците на Факултетот за туризам кои беа опфатени со интервјуто, имаат различен став кон ова прашање. Некои од нив сметаат дека ходочастието (аџилакот) како дел од ритуалниот елемент на религијата (поклонение на светителите) е значаен за развојот на религискиот туризам во Република Македонија. Други пак сметаат дека е малку значаен, или дека воопшто не е значаен. Во врска со значењето на доктринарниот елемент на религијата (познавањето на теолошките вистини) за развојот на религискиот туризам во Република Македонија, тие имаат спротивставени и различни сфаќања, па така според едни, има малку вистински познавачи на религијата во Република Македонија. Според претставниците на Факултетот за туризам, психолошко-емоционалниот елемент на религијата (верувањето дека на светите места е можно исцелување од болести) е

многу значаен за развој на религискиот туризам во Република Македонија, но има и спротивставени мислења. Во врска со односот на Синодот на Македонската православна црква - Охридска архиепископија кон религискиот туризам, тие сметаат дека е многу ригиден, дека не е МПЦ отворена за соработка и не се залага доволно за развој на религискиот туризам.

Исто така, претставниците на Факултетот за туризам кои беа опфатени со ова интервју имаат различен став по прашањето за односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ-ОА кон религискиот туризам. Всушност, според некои од испитаниците нивниот став е повеќе негативен, отколку позитивен. Монасите не сакаат некој да им го нарушува мирот без разлика дали се тоа туристи, кои при посетата оставаат и средства за да задоволат и свои потреби. Според ставот на другите испитаници пак, односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ-ОА кон религискиот туризам е практичен и егзистенцијален без емоции или пак овој однос на монасите кон религискиот туризам е различен во секој манастир или црква.

Значи испитаниците од оваа целна група се единствени во својот став по ова прашање, а тоа е дека верските манифестации (организирани од страна ка МПЦ-ОА) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води) многу малку придонесуваат за развојот на религискиот туризам, заради тоа што се случуваат најчесто или единствено на некои поголеми верски празници или кога има патрон на црквата или манастирот.

Претставниците на Факултетот за туризам не се запознаени или многу малку се запознаени со културните манифестации (организирани од страна на Министерството за култура) поврзани со посета на сакрални места (гробови на светители, религиозни храмови, манастири, култни места, светилишта, лековити води), или пак се со став дека таквите настани имаат моментален ефект за посета на туристи што не се поврзани со религискиот туризам. Во врска со односот на Министерството за култура на Република Македонија кон религискиот туризам

немаат сознание, или пак сметаат дека Министерството за култура нема ингеренции туку дека се ингеренциите исклучиво на МПЦ, која треба да ја има клучната улога во развојот на религискиот туризам.

Исто така тие сметаат дека заводите за заштита на спомениците на културата немаат ингеренции за развој на религискиот туризам туку дека тоа право го има МПЦ која раководи со нив. Доколку пак заводите за заштита на спомениците на културата имаат свој придонес, тој е многу мал. Претставниците на Факултетот за туризам сметаат дека градоначалниците немаат доволно спознание за овој вид туризам за да можат да организираат ваков тип манифестации, а со тоа и малку придонесуваат за развој на религискиот туризам. Но, секако со поголем ангажман би можеле многу да придонесат за развој на ваков вид туризам кој би бил од особено значење за општината, па и за МПЦ. Тие не се запознаени со активностите на Туристичката комора во однос на афирмацијата на религискиот туризам или пак сметаат дека не се вложува доволно за развој и промовирање на овој вид туризам.

Исто така тие, или не се запознаени, или недоволно се запознаени, или пак дел од нив сметаат дека доколку туристичките агенции перферираат ваков вид туризам, потребно е да го спроведат заедно со другите форми на туризам. Тоа би требало пред сѐ да биде дел од туристичките понуди на саемите за туризам преку добро осмислен маркетинг. Особено е важно да се размислува во насока на развивање на маркетингот, но секако пред сѐ и не само преку државата. Во врска со тоа, колку државата преку своите надлежни институции финансиски вложува во афирмација и развој на религискиот туризам, тие имаат поделено мислење; според едни испитаници, државата многу малку вложува, според други дека не вложува, или пак дека државата не е должна да вложува во религиски туризам.

За претставниците на Факултетот за туризам, од особено значење се промовирање на значајни верски објекти како и различни форми на едукација - семинари, конгреси, размена на искуство со земји кои знаат тоа професионално да го прават. Остварувајќи го тоа, би можело да се овозможи добар приход, односно да се воспостави стратегиски пристап и синергија на сите заинтересирани страни (општество, граѓански организации, црквата и сл.) или пак, дури и реформа на МПЦ.

И сосема за крај, од сево ова што беше забележано и како заклучок од истражувањето на темата Социолошките аспекти за развојот на религискиот туризам, од добиените одговори на прашањата може да се констатира дека развојот на религискиот туризам е особено важен за Република Македонија. Така претставниците на сите групи опфатени во интервјуто, почнувајќи од Синодот и свештенството на МПЦ-ОА, Богословскиот факултет, монасите и монахињите на МПЦ-ОА, претставниците на Министерството за култура, претставниците на заводите за заштита на споменициите на културата и музеите, како и на дел од претставниците на Факултетот за туризам, имаат позитивен став и сметаат дека ходочастието (аџилакот) како дел од ритуалниот елемент (поклонение на светители) е особено значаен за развојот на религискиот туризам. Исто така сметаат дека познавањето на теолошката вистина, психолошко-емоционалниот елемент на религијата за тоа дека со посетата на светите места е можно исцелување е особено значаен за развојот на религискиот туризам. Во врска со односот на Синодот на МПЦ-ОА кон религискиот туризам се констатира дека МПЦ-ОА е свесна за потребата и значењето на религискиот туризам, овој однос досега не е развиен во доволна мера. За односот на претставниците на монаштвото како дел на МПЦ-ОА кон религискиот туризам може да се заклучи дека манастирите не се ставени доволно во функција на туризмот; пред сѐ, тоа е различно за секој манастир зависно од капацитетот и условите во кои тој опстојува, различниот однос на монасите, некои се затворени за комуникација, а некои навистина имаат потреба да комуницираат со посетителите.

Во однос на организирањето на верските манифестации од страна на МПЦ-ОА, културните манифестации организирани од страна на Министерството за култура и градоначалниците на општините, кои се поврзани со посета на свети места (гробови на светители, храмови, манастири, култни места, светилишта) од добиените одговори се заклучи дека нивното организирање особено придонесува за развојот на религискиот туризам, заради тоа што посетата на тие манифестации ќе придонесе и за посета на светите места.

За односот на Министерството за култура и придонесот на заводите за заштита на спомениците на културата и музеите, се изнесе позитивен став од страна на лицата вклучени во интервјуто, особено имајќи предвид дека, согласно со своите надлежности, и едните и другите особено водат грижа за зачувувањето, одржувањето на културно-историските споменици, секако меѓу кои и верскте објекти. Во однос на улогата на Туристичката комора во вложувањето во афирмацијата на религискиот туризам, претставниците на сите испитанички групи беа единствени во ставот дека воопшто не се запознаени со активностите на Туристичката комора за афирмација на овој вид туризам. Исто така, од анализата се констатираше дека туристичките агенции не се доволно заинтересирани за аранжмани поврзани со религискиот туризам, многу повеќе треба да работат на тоа и дури се истакна дека е потребно да се отворат туристички агенции кои исклучиво ќе се занимаваат со аранжмани за религиски туризам. Државата преку своите надлежни институции вложува во развојот на религискиот туризам. Од особено значење е дека државата во последните години вложува многу повеќе отколку во претходните години. Исто така, за развојот на религискиот туризам особено голема улога има добро осмислениот маркетинг.

Во однос на пресудни фактори кои влијаат врз развојот на религискиот туризам во Република Македонија се нагласија следните: да се подобри инфраструктурата, бидејќи голем дел од атрактивни локации, светилишта, цркви се наоѓаат во отсечени планински предели; да се опфатат сите капацитети кои се подготвени за понуда и да се понудат во една групација преку печатени и Интернет-медиуми; важна улога во промоцијата на Македонија и конкретно на религискиот туризам имаат и туристичките агенции; подигање на повисоко ниво на локалната религија; зголемување на бројот на манифестации, културни и религиски; добро организирана понуда за верските објекти и сè она што би можело да го побуди интересот на посетителот за да дојде во посета на истите; добар маркетинг на таа понуда и рекламирањето на тој туристички пазар; повеќе интерес од самите агенции во државата за формирање на таква понуда.

## Библиографија


*Addler,Judith, 2002, The Holy man as Traveler Attraction: Early Christian Asceticism and the Moral Problematic of ModernityIn>William H Swatos Jr.&Luigi Tomasi from Medierval Piligrimage to Religious Tourism.The Social and Cultural Economics of Piet 25-50 Wesport Praeger*

*Bauman Z. Kultura i drushtvo. Beograd: Prosveta 1984.*

*Barbato, Mariano&Frederich Kratochwil, 2008 Namermas Notion of a Post-secular Society, A.Perspective from International Relations EUI Working Papers*

Beyer, P. 1994. *Religion and Globalization.* New Bury Park, CA: Sage

Blagojevic, Mirko. *2005. Religija i crkva u transformacijama drustva.* Beograd: Institut za filozofsku i drustvenu teoriju

*Bosale Nikola, Source:Journal for Social Theory and Critique 'Dijalog' (Списание за општествена теорија и критика „Дијалог"), issue: 1213, / 1997, pages: 191196,*

Bahtijarevic.S. 1976, Religiska situacija u nasoj suvremenosti Centar ckh

Cipriani, Roberto. *2000. Sociology of Religion.* New York: Aldine de Gruter

Цветанова, Ганка. *2007. Културните разлики и општествената интеграција,Институт за економски стратегии и меѓународни односи, Охрид*

Cvitkovic, Ivan. 2004. *Sociologija religije. Sarajevo: Des*

*Cvitkovic, Ivan. 2007, Socijalna naucavanja u religijama, str.303, tisak des Saraevo*

Dugandzija, Nikola. 1986. *Religija I nacija.* Stvarnost, Zagreb

Durkheim, Emil. *1915. The elementary forms of the religious life.* London: Allen and Unwin

Durkheim, Emil.*1982, Elementarni oblici religiskog zivota, Prosveta, Beograd*

Duvnjak, Relja, Zeravica, 2011, *Religijski turizam kao poseban socio-kulturni fenomen na primjeru istraživanja među studentima Sveučilišta u Splitu.*

E.K.Schench*. 1976, Ferien und Tourismus als neue Formen der Freizeit. u Neistifter*

*Elijade.M, 1986, Sveto I profane, Knjizevna zajednica, Novog Sada , Novi Sad 1986 str.86*

Elijade, M. 1996. *Vodič kroz svetske religije.* Beograd: Narodna knjiga Alfa

Geels, Antoon, 2009 *Global Spiritality, pp8-24. AboThe Donner Institute for Research in Religious and Cultural History*

Geic, C, 2002, *Turizam I kulturno civilizacijsko nasleđe, Split Veleuciliste*

Giddens, A, 2007, *Sociologija Zagreb, Golden marketing, 2007, 531*

Гиревски, Ацо.2008. *Верски туризам, Скопје*

Griffin, Kevin.A, 2007 *The Globalizacion of PilgrimageTourism, Some Thoughts from Ireland*

*Inrazag Raj&Nigel Morpeth Religious Tourisam and Pilgrimage Management pp-15-34 Walingford*

Hamilton, M. 2001. *The Sociology of Religion.* Routledge, an inprint of the Taylor 7 Francis Group, Clio

Heelas, Paul&Linda Woodhead, 2005 *The Spiritual Revolution, Why Religion is Giving Way to Spirituality. Oxford:Blackwell Publishing*

Ilić M.*1974 Sociologija kulture i umetnosti.* Beograd: Naučna knjiga

(Jafari, J., Annals of Tourism Research V (Special Number, October/December) 8, 1977 и Mathieson, A., Wall, G., *Tourism: economic, physical and social impacts, Longman Group Limited, London, 1982 превземено од Theobalt, F.W.,*

Kokovic, D.2005. *Pukotine culture,* Prometej : Novi Sad

*Културата и туристичката понуда на Универзитетот Св.Климент Охридски, Битола и факултет за туризам - Охрид*

Linк, T. 2000. *Istorija religije istoka i zapada.* Beograd: Srpska knjizevna zadruga

Mandy, S.2000. *Kulturna politika kratok voidič,* Skopje: Institut otvoreno opstestvo

Matevski, Zoran. 2007. *"Religious dialogue and tolerance – theoretical and practical experiences of differences and similarities".* Vo Monografija: *Politics and Religion.* Beograd: Centere for study of Religion and religious tolerance

______________. 2007 b. "Religion in multicultural society". Vo Zbornik: *Sociological Horisons.* Blagoevgrad: South-west Universtity "Neofit Rilski"

______________. *2005 b.* "Sociological Analysis of the religious situation in Macedonian Post communist society". *Vo Zbornik: Religion and Politics.* Blagoevgrad: Sout-west University "Neofit Rilski"

______________. 2005. Sociological Analysis of the Religious Situation in Macedonian Post-Communist Society. In Anthology: *Religion and Politics.* Blagoevgrad: South-West University "Neofit Rilski"

Мариноски, Н, 2005 Туристички агенции, ФТУ, Охрид 2005, 14

*Massachusetts: Harvard University Press Cambridge*

Martikainen Tuomas, 2007 *Changesin the Religious Landscape:European Trends at the Dawn of the Twentyfirst century, Swedish Missiological Themes*

*Милош Бешиќ и проф.д-р Борислав Ѓукановиќ, Богови и луѓе, религиозност во Црна гора , 2000 год.*

Муќиновиќ, Љ., *Современ лексикон на странски зборови и изрази,* Наша книга, Скопје, 1990 г.

Мирко Благојевиц 2005. *Религија и црква у трансформацијама друштва.*

Mullins *Laurie J, 2009 Management and Organisational Behaviour. Narlow Financial Times Prentice Hall*

Mustonen Pekka, 2005 Volunteer Tourisam Postmodern Pilgrimage, *Journal of Tourisam and Cultural Change*

MC Guire, Meredith. 2002. Religion – the social context. USA: Wadsworth Thomson learning

Образование и религија, 1995.*Списание Просветно дело, Скопје*

Pavicevic,V. 1980.*Sociologija religije.* BIGZ: Beograd

Pavicevic,V, 1988, Sociologija religije, BIGZ, Beograd

Parekh B. 2000 .*Rethinking multiculturalism - Cultural Diversity and Political Theory.*

Peri, M. 2000. *Intelektualna istorija Evrope*. Beograd: Clio

Петковска, Антоанела, 2009.*Есеи од социологијата на културата, Скопје*

Plate,S. Brent, 2009 *The varieties of Contemporary Piligranage.Cross Curents 59*

R.Williams. *1977.Culture and Society.* 1780-1950, Penguin Books

Религии во светот, *2009, Нов лајонов речник, Младинска книга, Скопје*

Религијата и културата нераскинлива врскамеѓу народите, 2010. *Втора Светска Конференција за Меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог, Охрид*

Rudolph, Conrad,2004 *Pilgrimage to the End of the World the Road* the Santiago de Zompostela Chicago The of Chicago Press

Ruf, Frederick J, 2009, *Pluralistic Piligramage, Travel as the Quest for the Strange.*Cross Currents 59 (3) 268-82.

Shinde,Kiran, *2007 Piligranage and Enviromment: Chalenges in a Piligramage Centre Current Issues in Tourism*

Славейков, П., Найденов, К., *"Икономика на туризъма", СУ, София, 2009,*

Социолошки терминолошки речник

Sesse,A, 1975,.*Le bilans des drniers 25 ans de la recherché toyristiljye*

Sumption,Jonathon,1975 *Piligramage: An Image of Medieval Religion,London Faber*

Sutcliffe, Stiven J, 2003, *Children of New Age. A History of Spiritual Practices, London, Routlage*

Schmitt, Eric-Emanuel, 2004 Lenfant de Noc.Paris, AlbinMichel

Sharpley, R., Travel and tourism, SAGE Publications, 2006 (pdf), p.16)

Stanovcic, P.2003. *Politicke ideje i religija 1 i 2.* Beograd: Cigoja

Stamenkovic Igor. *2006. Religiozniot turizam I pravoslavlje,* Novi Sad

Susnjic, Duro. *1998. Religija I i II.* Beograd: Cigoja

Susnjic, Duro. 1987. *Znati I verovati.* Stvarnost - Krscanska sadasnojst, Zagreb

Sijakovic, Ivan, 2008, Sociologija uvod u razunevane globalnog drustva

Taylor, Charls, 2007, Age Cambridge: The Belknap Press of Harvard University Press

Tomasi, Luigi, 2002, *Homo Viator, From Pilgrimiage to Religious Tourisam via the Journey InWilliam H.Swatos, Jr&Luigi Tomasi from Medieval Piligramage to Religious Toirism, The Social and Cultural Economics of Piety*

*Turner, Vistor&Edith I.B.Turner, 1978 Image and Pilgrimiage in Christian Culture New Yourk:Columbia University Press.*

Vermon.G.M, *Sociology of religion,,MC, GrawHill Book, Compans, New York*

Vukomanovic, M. 2004. Religija. Beograd, Zavod za ucbenike I nastavna sredstva

Vukonic, Boris. 1990, Turizam I religija. Zagreb

*Vuckovic, A. Hodocasce I rijec, Crkva I svijetu, 44(2009)2, 124-125*

Weber, Max.*1989. Protestanska etika I duh na kapitalizmot.* izd *„Veseli n Maslesa", Saraevo 1989*